**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Јавната расправа по
„Предлог - стратегијата за соработка на Владата
со граѓанскиот сектор (2012-2017)“

Скопје, 27 февруари 2012 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 27.02.2012 година, сала ,,Борис Трајковски"**

Јавната расправа започна во 11.10 часот.

**Радмила Шекеринска:**

Добар ден на сите.

Предлагам да почнеме, иако сигурно ќе ни се вклучат и неколку други колеги, меѓутоа да го запазиме редот и распоредот, мислам дека е во ред да ја почнеме и официјално седницата.

Ја отварам јавната расправа на Националниот совет за европски интеграции по Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор од 2012 до 2017 година.

Оваа јавна расправа Националниот совет за евроинтеграции ја организира на предлог и во соработка со Граѓанската платформа на Македонија која што редовно преку свој претставник учествува во работата на Националниот совет.

Покрај вообичаениот состав на Националниот совет, а тоа се членовите и претставниците, поканети се и потпретседателите на Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките групи, членовите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Комисијата за финансирање и буџет, претставници на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања, претставници на некои ресорни министерства, како и голем број на граѓански организации во Република Македонија .

Ве информирам дека оваа Информација за јавната расправа од моментот кога беше закажана е достапна на веб страницата на Собранието на Република Македонија и постоеше можност сите дополнително заинтерсирани невладини организации да го најават и да го регистрираат своето учество и присуство денеска, така што задоволство ми е што имаме потврда од голем број на грѓански организации од кои еден голем дел ги гледам веќе присутни. На јавната расправа поканети се и претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, и претставници од амбасадите на земјите-членки на Европската унија. И во таа смисла дозволете ми да го поздравам учеството денешно на господинот амбасадор на Република Франција, како и вршителот на должност во Бугарската амбасада, и ми е драго што се тука како и претставникот од делегацијата на Европската комисија.

Заедно со поканата ви беше доставена Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, која што до тој момент се сметаше за документ финален пред истиот да се усвои и да се разгледа од страна на Владта на Република Македонија, меѓутоа токму утрово добивме уште една понова ажурирана верзија за која што има одреден број на примероци и доколку сте заинтересирани и сакате да ја имате оваа нова верзија на документот, се разбира дека службите во Собранието се на располагање.

Би сакала да побарам и да сугерирам на госпоѓа Сузана Никодијевиќ Филиповска, која што е раководител на Секторот за анализа на политиките и координација и кога ќе ја презентираат Предлог-стратегијата, би сакала да ја замолам токму да обрне внимание кои се измените што во меѓувреме ги претрпе стратегијата, за да можат оној дел на учесници денеска што ќе сакаат да

дискутираат, да ги видат со свои очи промените и да реферираат и на промените. Пред секој од вас поделени се пријавите за дискусија, сите оние кои што сакате да учествувте во расправата ве молам да ги доставите до службите.

Дозволете ми пред да почнеме да и дадам збор на госпоѓа Тања Хафнер Адеми, претставник на Граѓанската платформа во Националниот совет за евроинтеграции и практично иницијатор на оваа денешна јавна расправа, повелете.

**Тања Хафнер Адеми:**

Благодарам.

Почитувана претседателке, потпретседателке, почитувани колеги од Националниот совет, почитувани колеги од граѓанскиот сектор, претставници на дипломатскиот кор, делегација од Европската унија, и сите останати.

Многу ми е драго да ве гледам и да го потврдувам интересот што беше кажан до мене да го иницирам оваа јавна расправа и со вашето учество, со голем број на вашето учество потврдува понатамошен интерес за овој документ односно оваа тема со која денеска ќе се занимаваме.

Јас во овој момент би сакала да дадам само краток вовед, бидејќи јас, утрово пред неколку минути го видов во нова подобрена верзија на Предлог-стратегијата и многу би сакала детално да се запознаам кои се тие промените, со цел да можеме исто така сите како и јас да дадеме свој коментар и забелешки, бидејќи ова се уште не е финален документ, ова е сеуште Предлог стратегија.

Стратегија е битен документ. Затоа што ја дава рамката. Но јас мислам дека стратегија треба да ни е патоказ, како на институција така на граѓанска оргнизација. Второ, зошто е битно? Затоа што тоа е еден сеопфатен или системски документ рамка, која ги дефинира нашите меѓусебни односи, значи меѓу институции и граѓански организации. Но многу ми е драго кога прв пат ја сретнав оваа предлог стратегија, да видев по пример на другите земји, дека оваа Стратегија ако во насловот се осврнува на односите и соработка, ги заопфаќа и некои мерки за креирање на поповолно опкружување за функционирање на граѓанскиот сектор и тоа го поздравувам. Но, случаите во земјите каде што нема такви стратегии, како на пример во нашето опкружување тоа е Србија, или пак во земјите каде таков документ се појавил како резултат на веќе постојана долгогодишна соработка или некои други парцијални постоечки механизми и рамки, покажуваат дека стратегијата не е единствена и некогаш не е најбитен предуслов или фактор во унапредување на меѓусебни взаемни односи меѓу институции и граѓански сектор. И сметам и цврсто сум убедена дека стратегија и оваа стратегија само во комбинација или корелација со принципите и тука исто ми е многу драго да од стратегија за прв пат имаме нагласок на принципите, односно ги имаме излиснати битните принципи како што се да ги спомнам само взаемна доверба, партнерство, независност на секторот, транспарентноста односно јавноста. Значи стратегија само во корелација или во соработка на принципите, волјата на институции и секако внесена во конкретно време, во конретен простор со конкретни ресурси. Значи кон попратена со конкретен акциски план, само таква, стратегија може да донесе конкретни, ефикасни, спроведливи и одржливи промени.

Оваа стратегија според мене вклучува некои од вклучните мерки што го засега нашиот сектор. Пред се транспарентно финансирање од јавните средства, тука мислам финансирани од државниот буџет, од игри на среќа итн., и исто така за прв пат идеата на воведување на институционална поддршка на граѓанските организации. Исто така во оваа стратегија е предвидена зајакнување на нашиот дијалог, односно се споменува воспоставување на Советот за соработка со граѓанскиот сектор. Но, мислам дека и односно целта зошто јас ја поттикнав оваа

јавна расправа е, да оваа стратегија овие мерки, ако ја имаме оваа стратегија, овој документ од клучните мерки, мислам дека е битно тие мерки да се дигнат од ниво на анализи за потранспарентно финализирање, анализи за постапување совет итн., на ниво на конкретни мерки, на конкретни определби, внесени во конкретен простор, време и за определени конкретни ресурси. Иако стратегијата е документ на Влада, значи тоа е еднострана заложба на Влада, има цел за унапредување на нашите односи и развој на нашиот сектор. Таа единствено има смисла ако е разбрана како мерка, значи не како цел на себе туку мерка за изискување ефикасни, спроведливи издржливи решенија на општествени проблеми. Проблемите, конкретните проблеми со кои се среќаваат нашите граѓани.

На крај, развојот на граѓанско општество и граѓански дијалог, ја делат политички критериуми, со стратегија за проширувње од 2007 година. Иако знаеме дека сеуште не постои аки за граѓанско општество, но според праксите во нашето соседство каде што на пример во последен извештај за напредок, за членство Европската унија за 2011 најголем напредок бележат земји кај кои како што е Хрватска, како што е Црна Гора, како што е Србија. Каде што исто така забележан е и нотирање на најголем напредок во токму оваа област, тоа е развојот на граѓанското општество и граѓанскиот дијалог. Така што сакам да кажам дека споредени искуства од нашето општество, покажува дека се дава големо значење на оваа тема, на овој сектор, заложби за развој и поттикнување на развој на граѓанско општество и поттикнување на дијалог и дека еден таков позитивен развој во таа област исто така позитивно се рефлектира во напредок на земјата на план на европски интеграции. Ви благодарам многу за сега. Јас за сега не би сакала да дадам многу поконкретни забелешки или коментари, туку многу повеќе би сакала да слушнеме што се промените, кои што само што ги претрпи Предлог-стратегијата. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Ја поканувам госпоѓата Сузана Никодијевиќ Филиповска, како претставник од Генералниот секретаријат на Владата да ја презентира Предлог-стратегијата.

**Сузана Никодиевиќ Филиповска:**

Добар ден почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани пратеници, членови на дипломатскиот кор, претставници од граѓанскиот сектор.

Ми претставува чест што денес одделението за соработка со невладините организации на Генералниот секретаријат, има можност да ви го претстави овој исклучителен важен документ за поддршка и развој на граѓанскиот сектор во Република Македонија.

Се работи за работен текст на Предлог-стратегијата помеѓу Владата и граѓанскиот сектор во периодот од 2012 - 2017 година, од тие причини тесктот што е денес поделен значи одредено пред се терминолошко подобрување, дополнувње со одредени анализи пред се во делот на институционалната рамка за соработка, анализи во делот на финансиската одржливост, и секако поддршка на институционалниот развој на граѓанскиот сектор. Но подетално во текот на презентацијата ќе се осврниме на ова прашања.

Зошто е важно донесувањето на оваа стратегија. Степенот на остварувње на соработката и партнерството помеѓу Владата и граѓанскиот сектор претставува значаен фактор на вкупните реформи на Република Македонија во процесот на европски интеграции. Од тие причини во јануари 2007 година, Владата на Република

Македонија усвои Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2007-2011 година.

Покрај годишните извештаи за следење на статусот за имплементација на овој документ, кон крајот на 2010 година, Одделението за соработка со невладините организации, подготви сеопфатен извештај за спроведувањето на оваа стратегија, како и извештај за механизмот за координација на спроведувањето на стратегијата. Овие два документи беа појдовна основа за подготовка на новата стратегија за наредниот 6 годишен период. Како клучини достигнувања во изминатиот период во спроведувањето на оваа стратегија е секако донесувњето на Законот за здруженија и фондации, Законот и стратегијата за волонтерство, кодексот за добри практики за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Македонија донесен во 2007 година, кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките, донесен во јули минатата година, како и меѓуинституционалната соработка односно воспоставувањето и одржувањето на мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓанските организации во рамките на ресорните министерства.

Содржината на овој документ опфаќа осврт на досегашниот напредок и состојбата на граѓанскиот сектор во Република Македонија, вредностите и принципите врз кои што се темели соработката, стратешката рамка, односно приоритетните цели за идниот 6 годишен период, спроведувањето и рамката за следење и ревизија. Целта на овој документ е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор преку мерките за зајакнување на взаемната соработка. Со овој документ Владата го препознава граѓанскиот сектор, како партнер во остварувањето на демократските процеси, економскиот развој, креирањето на политиките и законите, процесите на европски интеграции, како и задоволување на потребите на заедницата. Овој документ го следи пристапот на стратегијата од 2007 година во однос на дефинирањето на поимот на граѓански сектор, значи го фаќаме потесниот пристап, зруженијата и фондациите, регистрирани согласно законот за здружение и фондации. Овој документ не се однесува на синдикатите, стопанските комори, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, често статус се уредува со посебен закон.

Стратегијата е обврзувачки документ за Владата, органите на државната управа, но истовремено и препорака за следење на добрите практики и на локално ниво, односно за единиците на локалната самоуправа, но и поттикнување на соработката меѓу граѓанскиот сектор и деловниот сектор.

Стратегијата ги следи принципите на соработка кои што беа воспоставени со стратегијата од 2007 година, а тоа се взаемната доверба, партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност но ги дополнува со уште два нови принципи, а тоа се плурализмот еднаквите можности и недискриминацијата. Бидејќи Владата ги препознава и признава постоењето на различните цели, вредности, интереси и афинитети на граѓаните, кои се изразуваат преку активностите на граѓанските организации. На тој начин овозможува вклучување и соработка со сите граѓански организации без дискриминација со посебен фокус на препознавање на интересите на маргинализираните групи.

Во овој документ во делот стратешка рамка, се содржани пет приоритетни области, односно стратешки приоритети, цели, а тоа се развиен и одржлив граѓански сектор, учество во процесите на креирање на политики и донесување на закони, европска интеграција, економски развој и социјална кохезија, граѓански активизам и поддршка од заедницата и зајакната институционална рамка и практики за соработка.

Првата приоритетна област, развиен и одржлив граѓански сектор ги предвидува следните цели: зајакнување на правната рамка и хармонизирано спроведување на правната рамка но и поголема активност на граѓанскиот сектор во општеството. Подобрување на условите за користење на добивка стекната од дејности, поддршка во развојот на граѓанските организации преку даночни бенифиции, зајакнување на директното финансирање и поддршка, и унапредување на процесот на доделување и одговорно користење на средствата. Како мерки кои што се зацртани во овој дел од стратегијата се анализата на Законот за здруженија и фондации, особено примената на делот кој што се однесува за користење на добивката стекната од дејности на организациите, па во таа цел, се предвидуваат како активности, изработка на прирачници или упатства во оваа област, потоа примена на Главата 11 организации со статус од јавен интерес. На последната седница на Владата е формирана Комисијата за организации со статус од јавен интерес, и за таа цел се предвидува во стратегијата за развивање на интерните документи за работа, јакнење на капацитетите на членовите на Комисијата, но и создавање на електронска база на податоци, на организации кои што ќе добијат ваков статус. Секако за примена на овие одредби на Законот неопоходно е усогласување и со законите од областа на даночната сфера, бидејќи со овие организации се предвидуваат дополнителни даночни, цармнски олеснувања.

Во овој дел особено што се однесува на одржливост на граѓанскиот сектор, се предвидуваат дополнителни анализи на Законот за сметководството на непрофитните организации, Законот за спречење на перење пари и финансирање на тероризмот, Законот за игри на среќа. Но и мерки кои што би значеле можност за институционална не само проектна поддршка на граѓанските организации како и средствата од буџетот така и во делот на претпристапните фондови, кофинансирање на проектите, регрантирање и слични мерки.

Втората приоритетна област се однесува на учество во процесите на креирање на политики, донесување закони и европска интеграција. Во оваа област како мерки се предвидуваат подобрување на мерки за учество на закони и други документи, пред се преку промовирање на информатичката технологија, зголемување на транспарентноста во процесот на информирање и консултации со граѓанскиот сектор. Јакнење на партнерството во процесите поврзани со европските интеграции, соработка и извештаи за договорните тела по ратификуваните меѓународни договори и вклучување во иницијативи кон кои пристапила Република Македонија.

Како активности во овој дел особено се споменуваат следење на примената на кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор и учество на креирање на политики но и подобрување на веб страницата на одделението преку формирање на посебна електронска база и можност за непосредна интеракција во овие процеси. Воспоставување на модели за вклучување и избор на претставници на граѓанските организации во работни групи, поттикнување на користењето на порталот Е-демократија кој што неодамна беше промовиран од страна на министерот за информатичко општество и администрација, дефинирање на модели и критериуми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на НП преговарачките позиции за членство во Европската унија и слични мерки.

Следната област е економски развој и социјална кохезија. Во оваа област како мерки се предвидуваат развој на социјалната економија, зголемување на обемот на вклучување на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата, поттикнување на поддршката и придонес од граѓани и деловниот сектор, развиваање на партнерство меѓу граѓанските организации, деловниот сектор и

институциите за постигнување на економски и социјален развој. Во оваа област, имаме за цел да се поврзат активностите, мерките за оваа стратегија, со стратегијата за волонтерство со националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата, но како активности се предвидуваат донесување на закон за социјално претприемништво, измени во Законот за донации, спонзорства во јавните дејности. Граѓанскиот активизам и поддршка од заедницата е седмата приоритетна огласт на Предлог-стратегијата која што значи на поттикнување на активизмот кај младите и нивно поактивно учество во иницијативи на граѓанскиот сектор, стимулирање на активно вклучување на граѓаните во граѓанскиот сектор и општествените процеси, и воведување на системски приод за граѓанска едукација. Во оваа смисла се предлагаат активности на пример предметот за граѓанско општество, во основните училишта да се прошири со содржини од обласла на демократијата, граѓанскиот сектор но и активно вклучување на претставниците од граѓанскиот сектор во спроведување на овие наставни содржини. Врзување со мерките од стратегијата за промовирање и развој на волонтерството но истовремено покрај стратегијата за млади, поттикнување на волонтерските активности и кај возрасните лица.

И последната приоритетна област се однесува на зајакната институционална рамка и практики за соработка. Во оваа сфера пред се се однесуваат активностите на јакнење на капацитетите на одделението за соработка со невладини организации, подобрување на веб страницата, обезбедување на бази на податоци, што ќе се однесуваат на организациите со статусот на јавен интерес за финансирање на софинансиската поддршка на финансиите од средствата, од буџетот, од ИПА фондовите и сл.

Во однос од потребата за формирање на посебно советодавно тело за дијалог и развој на граѓанскиот сектор во овој дел се предвидуваат активности во насока на анализа на ваквите тела кои што се воспоставени веќе во регионот и потребата и можностите за формирање на вакво тело и во Република Македонија, потоа мерките се однесуваат на зајакнување на механизмот за координација за спроведување на стратегијата, преку утврдување на критериуми за избор на претставници, односно членови од министерствата, кои што се дел од мрежата на одговорни државни службеници за соработка со граѓански организации и воспоставување на подобри механизми, модели за комуникција и соработка со нашето одделение.

Но истовремено активности кои што значат унапредување на мобилноста и вмрежување на граѓанските организации со организации од регионот, преку вклучување на Република Македонија во регионалната база на податоци, (NGO) портал ЕУ, кои што во моментов се вклучени Словенија, Хрватска и Црна Гора и секако зајакнување на соработката на локално ниво и во руралните средини односно споделување на добрите практики со локалната самоуправа со цел за надминување на рурално урбаниот јаз и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор и во руралните средини.

За спроведување на овие мерки предвидени во Предлог стратегијата, се предвидува во временскиот период од 2012 до 2017 година, донесување на два акциски плана, односно акцискиот план првиот кој што ќе има детално разработени мерки и активности за период од 2012 до 2014 година, додека пак активностите кои што се за следниот тригодишен период до 2017 година ќе се дополнат и по детално развијат по оценка на спроведувањето на мерките и активностите во првиот тригодишен период.

Во однос на рамката за следење и ревизија нашето одделение со невладините организации си има слична координативна улога за следење на процесот на имплементација на овој исклучително важен документ, но истовремено

ќе подготви и план за следење едукација на спроведувањето и посебна методологија со посебни индикатори на следењето на спроведувањето на стратегијата. И досега ние подготвуваме годишни извештаи за спроведувањето на стратегијата и истите се објавуваат на веб страницата на одделението.

Она што е важно за овој документ е да се спомене дека се настојува да се обезбеди конзистентност со политиките со мерките кои што се содржани во повеќе стратешки документи и заложби на Владата, меѓу кои стратегијата за промовирање и развој на волонтерството, стратегијата за реформа на јавната администрација, националната агенда за општествена одговорност, национална стратегија за е-Влада и други документи.

Би сакала исто така да напоменам дека подготовката на овој документ се одвиваше во еден партиципативен процес, беше објавен во септември минатата година оглас за учество на претставници од граѓанскиот сектор во групата за поддршка на изработка на стратегијата. Оваа група беше составена од мрежата на државни службеници од надлежните министерства за соработка со граѓански организации, имавме претствници и од граѓанските организации кои што се пријавија на огласот, работната група имаше три одржани средби во периодот октомври - декември минатата година. Но и беше концептот на стратегијата изработен во декември достапен на веб страницата на одделението и отворен за консултации, забелешки, коментари од страна на граѓанскиот сектор во период од две недели, додека пак во јануари предлогот на стратегијата кој што беше развиен исто така беше поставен на веб страницата и исто така можност за коментари од страна на граѓанскиот сектор во период од две недели.

Во периодот од 16 до 23 јануари, организиравме и пет јавни расправи низ Републиката, во кои учество земаа 76 претставници од вкупно 60 здруженија на фондации. Ова се работната атмосферата во група за изработка на документот, јавната расправа во Скопје која што имаше 32 учесници, Штип 16 учесници и Прилеп 13 учесници.

Се обидовме за сите коментари кои што беа исто така доставени и на веб страницата на одделението соодветно да се разгледаат од страна на тимот на експерти кој што работеше во рамките на ИПА проектот од техничка поддрка на одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат, сите коментари, забелешки беа разгледани во рамките на одделението од страна на експертите и соодветно беа рефлектирани во документот.

Сакам уште еднаш да напоменам дека сеуште се работи на документот и од тие причини и беше споделена со вас денес новата верзија, Предлог стратегијата очекуваме оваа недела да ја доставиме до ресорните министерства, официјалните мислења и по добивање на писмените мислења потоа би следела постапката за разгледување од страна на Владата. Ви благодарам на вниманието, тоа се нашите контакти и верувам дека и денешната јавна расправа ќе придонесе кон афирмација и подобрување на овој текст и секако ви стоиме на располагање за дополнитени појаснувања и наши објаснувања за документот. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам на воведното излагање и очекувам дека ќе се вклучувате и во тек на дебатата, затоа што онаа тема која што ја отворив на почетокот, а тоа се разликите во двете верзии, кои можеби на учесниците ќе им биде тешко сега да ги пратат, се тема која што мора да ја имаме во предвид кога дискутираме, за да не се случи дека дискутираме различни луѓе за два различни текста, едни да коментираат на верзијата која што официјално им беше доставена, а другите да коментираат за

таа која денеска ја добија. Значи би сакала да ве замолам да се уклучувате таму каде што ќе видите дека има некоја измена која што е настаната.

Прва за збор е пријавена госпоѓа Силвана Бонева, а потоа следна за збор е госпоѓа Савка Тодоровска од Националниот совет за родова рамноправност.

Ги молам сите кои што сакаат да се пријават тоа да го сторат.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓо Шекеринска.

Добар ден и добре ни дојдовте на сите невладини организации кои што пројавија интерес за еден ваков стратешки документ и за екселенциите кои што се денес заедно со нас и претставниците на другите меѓународни организации. Партнерството помеѓу невладиниот сектор и институциите, државните институции во земјата се од исклучително значење, меѓутоа едно е партнерството помеѓу владините институции, односно извршната власт, а друго е партнерството помеѓу Собрнието и невладините организации. Се надополнуваат овие партнерства едни со други и крајниот продукт произлегува од заедничкото функционирање. Ние имавме во изминатиот период успешна соработка според мене, производ на тоа се повеќе закони, Законот за здруженија и фондации, Законот за заштита од дискриминација, Кривичниот законик, политики за унапредување на животната средина кои што произлегуват понатаму од други закони, безбедносна храна, и да не бројом што уште не, што ние сите овде заеднички го разгледувавме само на Националниот совет а плус и други собраниски тела. Мој апел би бил во иднина да се интензивираат ваквите јавни расправи за исклучително важни закони, меѓутоа нормално за да функционира граѓанскиот сектор е потребен ваков стратешки документ кој што дефинира во себе се, вклучувајќи го и финансирањето, вклучувајќи го и односот меѓу институциите, но имајќи во вид дека ова е втор документ кој што го добиваме и претходниот период кој што беше гледаме дека многу работи се помрднати од почетната позиција, веќе имаме објавување на закони на веб страната на министерствата на предлог закони на кои што можат да даваат граѓанските организации забелешки, исто така во воспоставен е систем за одговорни лица во министерствата кои што ќе бидат во контакт со невладините организации, меѓусекторските советодавни тела исто така имаат претставници од граѓанскиот сектор. Значи во министерствата веќе се воспоставува еден систем кој што како функционира вие најдобро знаете и тука сме денес да слушнеме и да ги слушнеме и вашите забелешки и вашите препораки кои што треба да станат понатаму составен дел на стратегијата.

Јас можам само да искажам задоволство од тоа што оваа Предлог-стратегија и која што континуирано ќе трпи промена во текот и на оваа недела како што во изминатиот период била дадена на увид на јавноста на сите невладини организации, учеството на 76-те здруженија и фондации во јавната распава ни дава за право да кажеме дека овој документ не е само владин документ туку е производ на повеќе здруженија и фондации, очекувам во иднина исто така преку оглас да се информираат сите граѓански организации за работата на Владата и за можноста за вклучување на граѓанскиот сектор во унапредување на сите процеси во оваа земја почнувајќи од демократските процеси, економските и сето тоа е врзано со работата на Собранието на Република Македонија, и верувам дека ќе бидеме известувани врз основа на тоа како следуваат чекорите во стратегијата, како вие го замислувате функционирањето и какви проблеми ќе произлезат од функционирањето на ваквата стратегија дека Собранието на Република Македонија ќе биде известувано, и дека

ние како пратеници  на крај сите заеднички со вас, ќе донесеме повеќе закони кои што би значеле олеснување на вашата работа, бидејќи како што беше спомнато мора да се знае правната рамка, мора да има даночни царински олеснувања, тоа не може да биде без промена на одредени закони. Мило ми е тоа што има многу невладини организации кои што користат не само средства од буџетот туку и од ЕУ фондовите. Да се надеваме дека оваа рамка, оваа стратегија ќе биде прекрасна можност и понатаму да имаме интензивна соработка не само помеѓу владата и невладините организации туку уште повеќе на крај и помеѓу Собранието на Република Македонија и невладините организации со цел да се јакне взаемната доверба партнерство и соработка и да имаме што поквалитетни закони и на крај само би сакала да ги повикам сите невладини организации да ги искористите канцелариите за соработка со граѓаните на пратениците на локално ниво и сите забелешки за било кој закон, без оглед на тоа дали има јавна расправа за тоа или не, да ги дадете преку канцелариите и да стигнат до пратениците за да може да носиме сите заеднички поквалитетни закони кои што ќе бидат во функција на сите граѓани на Република Македонија.

Ви благодарам на сите уште еднаш за интересот кој што го пројавивте за оваа јавна расправа.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓо Бонева

Госпоѓа Савка Тодоровска, повелете.

**Савка Тодоровска:**

Почитувана претседателке,

Сакам да ја поздравам работата на овој Совет и воедно да ја поздравам и одлуката дека од минатиот мандат има во овој Совет и претставник на невладиниот сектор. Така да и овој пат е почитуваната госпоѓа Хафнер. Јас како долгогодишна соработничка во граѓанскиот сектор, самиот почеток од 1991 година, бев почестена што бев од невладиниот сектор избрана заедно со уште госпоѓата Инџирска, да соработуваме во основањето на токму ова одделение. И затоа јас денес нема да се задржам на содржината на оваа Предлог-стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, бидејќи ќе сакам да го прочитам новиот текст и во писмена форма верувам дека ќе го овозможите тоа да го испратиме се со цел за подобра соработка.

Но јас генерално сакам да го искажам мојот став и моето чувство и мојата одговорност со сета почит кон раководителката на Одделението, госпоѓата Никодијевиќ, но јас од оваа страна на граѓанскиот сектор, морам и сакам да го искажам моето видување дека за овие пет години јас не видов нешто освен овие пишани документи дека граѓанскиот сектор има придобивка. Ние од граѓанскиот сектор сакаме да бидеме конкретни. Јас еве тука слободно ќе се обраќам до почитуваната госпоѓа Сузана и ќе забележам и ќе искажам дека кога ние ги покануваме како одделение за соработка со граѓанскиот сектор, бидејќи го знаеме начинот и процедурата, тие не можат, да дојдат на ниту една седница доколку не добијат согласност не знам од кого. Иако можеби претпоставувам. Тогаш, каква е соработката и тогаш на кого служи ова одделение.

Втората работа, во искажувањата на госпоѓата Сузана беше кодексот, партнерството, финансиите. Каде сме. Јас искрено, мислам многу ми е прво жал, што имам прес во 12 часот, кој што ние го водиме за отпочнување на регионален проект во кои што сме партнери за руралните жени и развојот, а и на ова место неколку пати

говорам токму за приоритетите на овие жени кои што се двојно дискриминирани оти жените се еднаш заради полот без оглед на законите, а овие жени заради состојбите и немањето можности да се развиваат и да остваруваат доходи и приходи токму заради условите на немање детски градинки, немање на гинеколошки амбуланти и слично и едноставно немање услови да ги користат сите пишани субвенции.

Тука сакам да завршам дека и оваа пишана стратегија можеби е само една од алатките кои што само ќе ги претставуваме пред меѓународните фактори, но во реалноста не се случуваат вистинските промени во корист на оние кои што можеби треба да бидат тоа е граѓанскиот сектор. Верувам дека ќе ги прифатите сите наши забелешки. И само уште нешто да кажам. Пред некој ден имаше една дебата преку медиумите околу граѓанскиот сектор. Беше напоменато меѓу другото дека граѓанскиот сектор или поединците не ги користат елементите. Не знам за другите. Јас сакам да кажам за Националниот совет за родовата рамноправност и СОЖМ и за мене лично дека во овој дом преку одредените комисии за сите недоследности кои што се направени од родов аспект имаме пишани писма имаме испратено, не што не е постапено ниту не ни е одговорено. Тоа значи дека ве молам вие сте сепак дом на граѓаните, почитувајте ги. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам госпоѓо Тодоровска.

Следен пријавен за збор е госпоѓа Весна Бендевска пратеник а потоа господин Филип Стојановски од Фондација Метаморфозис, повелете.

**Весна Бендевска:**

Благодарам.

Јас преферирам за вака значајни теми мојата дебата од декларативно да ја насочам на оперативно, кажа и претходниот говорник околу Предлог-стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, втора по ред, многу значаен документ од аспект на промовирање на рамка во која ќе се движи соработката, но мислам дека дебатата заслужува многу поотворен пристап за дефинирање на реалната состојба околу статусот и положбата на граѓанскиот сектор во рамките на она што значи вкупна општествена околина во која се наоѓаме. И да не должам ако сериозно си го поставиме прашањето имаме ли ние навистина граѓански сектор кој може и умее да ја пополни цела онаа празнина што останува во нашето општество помеѓу трите власти и се согласуваме сите дека ќе кажеме не. Имаме реален проблем во начинот на кој функционира и опкружувањето се разбира на граѓанскиот сектор и граѓанското општество.

По мене главен недостиг на ресурси за исполнување оперативно на ваква стратегија е недостиг на политичка волја на Владата да дозволи сериозен развој, автономен развој и со тоа соодветно општествена улога на граѓаниските организации и тоа е факт од кој ниту можеме ниту смееме да побегнеме. Ако декларативно сите говориме за партиципативната демократија како највисока форма на демократија тогаш не можеме и не смееме да замижиме пред фактите.

За каква стратегија говори оваа Влада предводена од господиот Груевски кога имаме од една страна видна сатанизација на многу релевантни и компетентни невладини организации кои сериозно со својата партиципативност кон развој на демократските процеси во Република Македонија. И ќе бидам отворена. Значи ли нешто поимот се разбира во многу негативна конотација на соросоиди, ќе најдете

безмалку во сите провладини организации. И знаете ли на што е тоа синоним. Синоним е тоа на невладина организација која одбива да поднесува политички притисок од Владата. Знаеме што се случуваше и со Транспаренси, знаеме што се случуваше и со Хелшинскиот комитет, најстарите невладини организации кои условно да кажам имаат свој развој и свој капацитет сериозно да влијаат во она што значи развој на демократските процеси. Ако говориме дека оваа стратегија треба да придонесе главно кон активна партиципација активно учество на невладините организации и во процесот на креирање на политики но и во процесот на донесување на законска регулатива. Ајде да си спомeнеме начинот на кој се донесуваа многу значајни закони.

Прво Законот за заштита од дискриминација. Во Собранието беше организирана сериозна јавна дебата на повеќе нивоа и на ниво на Националниот совет за евроинтеграции и на ниво на Постојаната анкетна комисија за заштита од човековите права и слободи. Бидејќи години наназад тој закон беше креиран со активно учество и на невладиниот сектор во рамките на она што значи вкупна институционална покриеност и Народниот правобранител имаше свое учество, се разбира и претставници од министерствата за да се соочиме со Предлог на закон што влезе во собраниска процедура на кој сите пратеници добивме писмо потпишано од 48 невладини организации кои не се согласуваа со формата на Предлог законот што беше во процедура. Бараа да се тргне од собраниска процедура. Знаете ли што се случи? Ништо. Апелите што стигнаа од невладините организации Владата се оглуши на нив, тој закон помина како што помина подржан само од владеачкото мнозинство. Се сеќавам и на начинот на кој се носеше и новиот Закон за здруженија на граѓани и фондации. Ниту една забелешка од невладините организации тогашниот министер за правда не ја зеде во предвид.

Или ајде да не се враќам наназад. Во собраниска процедура е Уставот што ќе регулира здравствена дејност. Тоа е Законот за здравствена заштита. Пред десетина дена во оваа сала собраниската Комисија за здравство организираше јавна расправа на кој учествуваа над 100 здруженија од тие области и сите безмалку сите побараа од министерот кој на почетокот се разбира учествуваше во расправата законот да биде повлечен, да биде организирана уште една јавна дискусија на која повторно сите здруженија ќе ги дадат своите забелешки и во соработка со Министерството за здравство да се изготви нов предлог пред да влезе во собраниска процедура и да се расправа. Министерот за здравство на седницата на Комисијата го одби тоа. Законот и натаму е во процедура иако нема подршка од ниту едно здружение релевантно од таа област и дејност.

И, сега, мислам дека е многу чесно и одговорно да го поставиме прашањето кому му служат овие стратегии. Добри се, одлични. Во нив безмалку е предвидено се но тие остануваат мртво слово на хартија се додека не се пројави сериозна политичка волја од страна на Владата да дозволи автономност во работата на граѓанските организации односно да земе предвид секоја забелешка во однос на предложената законска регулатива што доаѓа од страна на граѓански организации кои делуваат во тие области. Ќе ми дозволите да не се согласам на една условно да кажам стерилна дебата дали стратегијата е добра. Стратегијата е одлична. Но колку очекуваме ефикасна реализација на таа стратегија. Ако започнеме и се поведеме од примерот на првата Стратегија за соработка со невладините организации 2007-2011 тогаш ќе мора на сосема поинаков пристап да дојдеме и најпрво да ја разгледуваме сериозно реализацијата на првата стратегија за да можеме да пристапиме кон усвојување на новата стратегија.

Инаку донесени се повеќе кодекси за добри практики. Првиот беше во начинот на финансирање, вториот колку што забележувам е во начинот на токму за она што говорев партиципацијата на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и носење на закони од аспект на експертиза на законите од страна на граѓанскиот сектор. До овој момент шест години наназад било каква експертиза од страна на здруженија на граѓани, невладини организации остануваат само мртво слово на хартија. Никој не ги прифаќа да ги имплементира како сериозни забелешки на регулативата. Конечно ќе ми дозволите апсолутно да изразам сериозен сомнеж дека и оваа стратегија ќе види и своја реализација.

Сакам многу чесно многу одговорно повторно ќе кажам многу отворено бидејќи мислам дека единствено таквиот пристап ќе може да ни помогне да се зафатиме со сериозно решавање на проблемите а ги имаме. Имаме сериозна манипулација со делувањето на невладините организации во Република Македонија и тоа е факт. Сакам само да ве потсетам за историјатот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност која со подршка на партијата беа формирани ад хок невладини организации преку кој се испумпаа сериозни средства од европските фондови. И за тоа добивме негативна критика и во извештајот и мислам дека заради тој случај кој до крај остана неразјаснет, а сите знаеме дека стануваше збор за невладини организации кои во Струга беа формирани од страна на блиски роднини и пратеници од Струга од ВМРО-ДПМНЕ преку кои се пумпаа тие средства што во очите на Европската комисија ни нанесоа навистина непоправлива штета. Се додека не се разјасни случајот и не се проговори со име и презиме на одговорните мислам дека вкупниот граѓански сектор ќе трпи штети. Или да потсетам на она што беше и можеби и сега е една од актуелните теми еден од советниците во град Скопје на ВМРО-ДПМНЕ не само што самиот си формира невладина организација здружение на граѓани, туку и самиот си гласа за финансиска поддршка на истото здружение. Има ли поеклатантен пример за судир на интереси. И затоа одбивам да прифатам кога ќе видам во работниот материјал дека се подобрил сегментот на финансирање на граѓанските организации. Не. Јас жалам што мораме да констатираме дека буџетските средства и на централно и на локално ниво се уште се користат за манипулација и директно влијание владино партиско врз невладиниот сектор и нанесуваат непоправлива штета. И затоа повикувам навистина многу посериозен пристап поодговорен пристап за разрешување на оваа проблематика, оти знаете на вака предложена добра стратегија дека ќе овозможи поприфатлив простор, послободен, поавтономен простор за граѓанските организации во Република Македонија за мене е исто како што да заклучите дека со самиот договор за декриминализација на клеветата за новинари дека конечно сме успеале и претендираме на апсолутно слободни и независни медиуми во Република Македонија.

Се разбира никој во тоа не верува како што не верува и во искреното барање на прочка од страна на премиерот вчера што го слушнавме за состојбите до кој не донел се разбира посериозниот работен ангажман 24/7. Она што ни недостасува повторно ќе се навратам сериозна политичка волја, ефикасна да се дозволи на невладиниот сектор да се развива на начин за кој што говорат европските практики. Инаку сето ова ќе остане навистина една стерилна дебата во која сите се залагаме за слободен јак моќен граѓански сектор, а од друга страна сите се соочуваме за она за кое и сите говориме, се разбира во кулуарите дека врз граѓанскиот сектор се врши политичко партиски притисок и не им се дозволува развој во насока на подобрување на демократските капацитети на Македонија како општество како држава која претендира да ги достигне европските стандарди на тоа поле. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Госпоѓа Силвана Бонева за реплика, па потоа следен за збор Филип Стојановски.

**Силвана Бонева:**

Благодарам почитувана претседателке.

Вие знаете дека со години station наназад Националниот совет функционира на еден достоинствен начин. Никој не си дозволил да реплицира ако отвориме да викаме јавна расправа да ги повикуваме претставниците членовите на Националниот совет и ние пратениците едни со други да си реплицираме тоа ќе оди до бескрај и на тој начин се девалвира денешнава јавна расправа. Овде сите заедно сме да ги слушнеме невладините организации кои забелешки ги имаат по еден стратешки документ, да ги слушнеме нивните размислувања а не чиста злоупотреба на говорницата за кажување на свои политички лични ставови, а во исто време знаете дека нема од другата страна кој да ви одговори бидејќи сите оние на кои што се упатуваат забелешките не се овде или пак јас најмалку сакам да се претворам и колегите од мнозинството да ја претвориме оваа денешна јавна расправа во тоа што не треба да биде. Затоа мислам дека тоа не треба да го дозволите и не треба самите ние вклучувајќи го и граѓанскиот сектор да го погазиме сето она заеднички добро што сме го направиле и на што сме горди. Ќе потсетам дека Законот за заштита од дискриминација, Законот за здруженија и фондации, само два закони работевме интензивно, напорно го пеглавме секој амандман за на крајот да стасаме до таму 99,9% од амандманите да бидат усвоени. Овде гледам многу луѓе од невладиниот сектор со кој што заедно работевме. Тогаш господинот Клековски беше претставник од граѓанската платформа и Кржаловски и со денови ги пеглавме заедно сите амандмани и мислам дека горди треба да бидеме на овие закони бидејќи станаа заеднички производ. И тоа треба да ни биде пример како треба во иднина да функционираме и како треба да ни завршуваат нашите заеднички јавни расправи, а не да го девалвираме сите нашиот заеднички труд. Затоа ве молам да го свртиме курсот на денешнава јавна расправа и да овозможиме невладините организации да бидат тие кои што ќе дадат мислење за конкретниот документ и да ги кажат своите видувања за подобрување на оваа стратегија која што е понудена. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Пред да ви дадам контра реплика само да споменам дека кога свикуваме јавни расправи сите сме еднакви. Значи ако ги повикуваме пратениците тогаш очекуваме дека и тие можеби ќе побараат збор. Впрочем да не заборавиме првиот што побара и доби збор а е пратеник бевте вие како потпретседател на Националниот совет. Така што мислам дека таа забелешка дека пратениците само треба да дојдат и да слушаат не држи бидејќи немаме таква пракса. Политичките проценки ќе оставам да се разрешат низ реплика и контра реплика. Во принцип гледаме во јавните расправи да нема реплика и контра реплика за да не се прекине темпото на дебати и да не ви одземаме збор на сите оние кои што со редот си се пријавиле. Меѓутоа не сакав да не дозволам реплика па тоа да се претвори во нов процедурален проблем. Мислам дека со контра реплика отприлика ќе го заокружиме тоа и дека ќе продолжиме и

понатаму, а секоја има право да го коментира тоа што смета дека е важно од стратегијата.

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Јас само апелирам и останувам зад сите свои наводи дека оваа дебата мора колешке Бонева да биде отворена без оглед дали некому фактите се допаѓаат или не. Ако имаме заедничка цел а се надевам дека сите тука во салата имаме заедничка цел да одобриме стратегија што ќе носи резултати, а не што ќе биде само во форма на хартија пред нас. И сеуште сметам дека сите заедно имаме цел да го подобруваме вкупниот спектар на она што значи поволна амбиентална клима за развој на граѓанското општество. Во спротивно ќе се соочиме со она што денес се соочивме токму во вашата реплика. Велите дека Законот за дискриминација бил заеднички производ. Не е точно. Тој закон тоа стои во собраниските архиви е донесен само со гласање од страна на владеачкото мнозинство бидејќи паралело се разгледуваа владиниот закон кој не беше одобрен од страна на 48 владини организации паралелно со законот што како опозиција го поднесовме во процедура а беше токму законот кој го изготвија невладините организации. За да немаме заеднички производ кој ќе биде изгласуван само од страна на владеачкото мнозинство денес ќе мора многу поотворена дебата да иницираме. Многу поотворена за да бидеме пофункционални. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор е господинот Филип Стојановски, повелете.

**Филип Стојановски:**

Јас имам едно конкретно прашање. Би сакал сите да ги поздравам и да се заблагодарам за можноста бидејќи во ноември 2011 година Комисијата за верификација на фактите го подигна нивото на статусот на невладините организации на исто ниво како носители на јавни функции. Во самиот документ кој што беше даден на располагање не беше споменато ниту тој развој на настани ниту пак она што ќе се случува на ова поле во текот наредниве години кои што се опфатени со стратегијата. Ме интересира токму во односот на законските рамки што е всушност планот во наредните години бидејќи во законските рамки Законот за лустрација не беше спомнат како нешто што ја регулира работата на невладините организации, а со овие настани фактички испадна дека се однесува и на нив. Тоа е сега оспорено од Уставниот суд но исто така најави дека ќе се носи нов таков закон за лустрација, така што бидејќи и законот и стратегијата доаѓаат од еден ист извор ме интересира што е, а не беше споменат во стратегијата кои се наредните чекори во оваа област во врска со статусот на невладините како носители на јавни функции.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Во тек на дискусијата претпоставувам дека ќе се навратиме, ама ова е едно од прашањата кои што стојат и очекувам госпоѓата Сузана Никодијевиќ на крајот можеби искоментира нешто во врска и со вашето и со другите прашања.

Следен за збор госпоѓа Лидија Димова од Македонски центар за европско образование, потоа Миле Бошков од Бизнис конфедерација на Македонија.

**Лидија Димова:**

Добар ден на сите. Поздрав и од мене.

Јас би сакала малку ако можеме да го подобриме текстот, меѓутоа не можам а да не се сетам дека на крајот на 2009 година токму во оваа просторија кога дискутиравме за Законот за здруженија и за фондации јас тогаш повикувам сите да се вратите да ги видите стенограмите, кажав дека со овој закон единствено нешто што ќе постигнеме е дека ќе се изброиме, ќе се преброиме. И во тој период бев обвинета бидејќи го искинав законот бев наречена дека бев некултурна не знам каква не знам што, меѓутоа кога ја читате стратегијата меѓу првите работи што ќе ве сопне и што ви паѓа вака во очи е дека од 2010 до денеска она што успеавме да го постигнеме во делот на невладин сектор е не да го преполовиме туку три пати да ја намалиме бројката речиси четири пати да ја намалиме бројката на невладини организации. Мислам дека тоа треба да не загрижува. Е, сега, откога го кажав тоа, можам да кажам дека во меѓувреме сепак има некакви подобрувања. Јас лично сум поприлично задоволна од подобрувањата. Една од поголемите подобрувања во целата работа со невладиниот сектор е госпоѓата Тања Хафнер која што седи тука како претставник на невладиниот сектор кој не претставува пред Националниот совет за европски интеграции, мислам дека тоа е драматично подобрување во однос на господинот Кржаловски и ова што денеска се случува е фактички благодарение на нејзиното дејствување.

Второ подобрување за кое што морам да споменам е фактот дека дискутираме за оваа стратегија и фактот дека голем дел од забелшките кои што беа претходно споменати од граѓанските организации се фактички вградени во овој текст.

И, трета работа што речиси се што тогаш споменавме е вградено. Значи се направени соодветните измени, меѓутоа дали може да биде подобрено да. Мислам дека треба да биде подобрено и се ќе беше одлично ако не се сеќаваме на минатото како многу пати власта знае едно да зборува а друго да прави и затоа и сомнежот всушност кај нас. Да бидам малку поконкретна ќе одам низ текстот да видите за што зборувам.

Прва работа за што и тогаш спомнав кога бевме на дискусија мислам дека ја нема европската агенда доволно значи сега е тука малку, меѓутоа многу повеќе може да биде европската агенда вклучена во стратегијата за соработка со Влада на невладиниот сектор. Ќе ви кажам точно каде можат да се изрази Европската унија.

Прва работа за која што зборувавме кога се дискутираше и која што сакам сега повторно да ја повлечам а не е фактички вградена во текстот е употребата на зборот добивка. Мислам дека имаме проблем. Тогаш ни кажаа од групата дека од Министерството за финансии кои што се задолжени во работната група инсистирале да стои зборот добивка, а не зборот приход. Јас мислам дека ова ни е многу лошо решение. Значи ако вие викате ние сме сите непрофитни организации, значи ние не стекнуваме не остваруваме добивка. Нас ни се дозволува да генерираме приход и мислам дека постои разлика помеѓу едното и другото, ако не постоеше разлика тогаш немаше ни во законот да се прави разлика, затоа што во Законот за данокот на

добивка јасно се знае што е добивка. Тоа е приходи минус расходи. Еве го зборот приходи неопходен. Значи повторно ќе кажам, тогаш ни кажаа не може затоа што во Законот за здруженија и граѓани стои зборот добивка. Тоа не значи ако тој е лош закон а констатиравме дека е лош барем за нас е лош закон, а ако е тој лош закон тогаш сите наредни ги правиме лоши. И, да не зборувам за последиците кои што ќе направи во однос на невладините организации ако упорно седиме и го држиме зборот добивка во приказната. Значи мора да се направи разлика и да се смени добивка во приход. Тоа е прво.

Второ, забележувам во текстот дека се она што мора Република Македонија да го прави како дел од европскиот процес на пример со програмирањето на ИПА со имплементација на програмите каде што задолжително мора вклучување на невладин сектор се е ставено како да е дел од мерките. Мислам тоа е одлично нека е, јас да сум млада и јас би го искористила, би го ставила како дел од мерките, меѓутоа би прецизирала дека произлегува од европската агенда затоа што на крајот на краиштата мора да ја промовираме европската агенда. И тоа значи до некаде е начин на кој што може да се промовира агендата. Ајде сега малку да позборуваме кои би биле забелешките или подобрувањата. На пример кај првата мерка кога зборуваме за невладините организации и за создавање на така наречениот Фонд за кој што зборувавме за институционалната поддршка, ова беше нешто што ние инсистиравме сите невладини организации тука бевме едногласни дека ни треба институционална поддршка. Значи ни треба посебен фонд во кој што Владата ќе ја подржува Република Македонија. И, тука да. Има извесно подобрување, меѓутоа морам да споменам односно да констатирам една работа, да забележам како е фактички тоа дефинирано во овој дел, во првата област во мерките значи таму каде што ние инсистиравме да има поддршка еве ја број 10 е мерката, вика анализа за потребите и можностите за формирање посебен механизам за институционална поддршка на граѓанските организации Фонд или фондации за кофинансирање на проектот Граѓанските организации. Одлично. На прв поглед барем е одлично. Значи некој кој што вака изгорен да го види ова кој што го лобира наназад 10 години и кој ќе го види вака ќе каже - леле конечно. Еве го фондот овде, ама всушност ако го видите ова вика анализа. Овде не се обврзува власта дека ќе го направи фондот. Но она на што се обврзува дека ќе направи анализа. И затоа мислам дека овој дел треба да не биде кажано вака срамежливо туку да стои отворено. Не се работи за анализа туку се работи за воспоставување на фонд со кој што ќе се обезбеди институционална поддршка на невладините организации и понатаму сето тоа може да се стави во некаква европска рамка. Е, сега, каде може на друго место да ги обезбедиме ваквите, еве и тука имаме зајакнување на директното финансирање и поддршка во делот на цели. Ова мене ме збунува. Значи ако имате една цел вика зајакнување на директното финансирање и поддршка тоа значи дека вие имате директно финансирање и поддршка. И ова е прашање до Владата. Кои се тие директни финансирања и подршка што ги имале невладините организации за кои што вие сега ќе ги зајакнувате, а ако не ги зајакнувате, не сте ги имале тогаш не можете да ги зајакнете. Може само да воведете, а не да зајакнувате. Значи ова треба исто така треба да се поправи.

Понатаму во вториот приоритет мислам дека тука е одлично место да се внесе Европа 2020 и зошто? Затоа што речиси секаде во делот на Европа 2020 тука ги имате седумте иницијативи за кои што од сега се знае дека Европската унија ќе има подршка за нив во финансиската перспектива 2014-2020. И ако ние од сега знаеме дека тие иницијативи се следни само ќе ви ги изборјам значи паметен раст во кој што се иновации, имате значи младите ќе Ви бидат во фокусот на Европската унија,

дигиталната агенда за Европа, понатаму имате клима, енергија, мобилност, ефикасноста на ресурсите, понатаму индустриска политика во глобализирана ера, имате вклучување, вработување, вештини и агенда за нови работи на младите, борба против сиромаштија. Значи отсега знаеме во следните 10 години каде ќе бидат парите во Европската унија. Не можам да сфатам дека тоа не сте го земале во предвид и да го поврзете со воспоставувањето на новиот фонд. Е, сега, знам дека мерките не се детални и исто така знам дека ќе следуваат и акциски планови.

Меѓутоа, еве и едно прашање до Владата. Што се случува со акциските планови, каде се, зошто ги немаме да ги дискутираме, и втора работа би било злобно кога тие би се вклучиле мислам целата оваа Европа 2020 мора да биде составен дел на агендата. И, понатаму кога ќе ги разгледувате сите овие мерки понатаму добиваат сосема друга димензија кога се гледаат од гледна точка на Европа 2020. Јас толку за сега би зборувала, меѓутоа ако треба дополнително да интервенирам пак и на крајот на краиштата ако може да помогнеме во изготвувањето на подобра верзија ние стоиме на располагање како и секогаш. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор господинот Миле Бошков, а потоа Виолета Георгиевска од Интернет хотлајн провајдер Македонија. Само ќе ве замолам бидејќи веќе имам повеќе, на почетокот изгледаше дека малку ќе има учесници во дискусијата па затоа и се трудев да стимулирам повеќе дебата а и бев полиберална, нема ограничување меѓутоа водете сметка некои десетина минути да го изложите своето мислење. Благодарам.

**Миле Бошков:**

Благодарам претседателке.

Јас поттикнат од говорот на учесниците и на претходните говорници нормално и од изнесувањето на стратегијата сметам дека можам да се допринесам или да се осврнам во дел каде што ќе ги потсетам граѓанскиот сектор, организациите на работодавачите, стопанските комори и сите учесници колку можат да допринесат со учеството и функционирањето на Националниот совет за евроинтеграции. Бидејќи ме предупредивте за времето ќе бидам многу краток ќе дадам неколку предлози кои можеби ќе ја подобрат функционалноста на сите овие тела кои се формирани базирајќи се на волја на стратегија и на одлучност на Владата да поттикне дијалог и подобро приклучување кон европските интеграции.

Пред се еден конкретен предлог од моја страна е дека покрај формирањето на Економско социјалниот совет на Македонија при Министерството за труд и социјална политика неопходно е учество на граѓанскиот сектор односно невладините организации кои можат да допринесат од граѓански аспект за функционирањето советодавната улога и активностите во измена и дополнување на закони, мерки, правилници итн. Сметам дека ова тело почна да функционира на консензуален на ниво на дијалог на ниво на еднаква доминација или на еднаков дијалог помеѓу сите заинтересирани страни и мислам дека на граѓанскиот сектор му е токму местото во Економско социјалниот совет. Дополнително функционирање не само на национално ниво туку и за функционирање на локално ниво во интерес на исползување на добри практики, добра информација, комуникација со граѓанскиот сектор. Мислам дека треба што повеќе од оваа говорница или сите оние кои ќе ја препознаат својата улога

да поттикнат формирање и на локални економски социјални совети и ако се подготвуваат лагови во општините, меѓутоа добро е да бидат вклучени граѓанските организации во креирањето политиките на локално ниво исто така.

Во стратегијата исто така е споменат и заедничкиот консултативен комитет кој добро функционира во моментот Македонија-Европска унија, меѓутоа мене ми недостасува правната форма според моето мислење и мислењето на членовите на Бизнис конфедерација на Македонија, бидејќи без правно функционирање и без пристап до финансии за заедничкиот консултативен комитет мислам дека сето тоа ќе падне во вода или ќе падне на ниво на волонтеризам односно на документ кој е напишан, меѓутоа кој нема да даде многу голем придонес. Би се осврнал на тоа дека дијалогот помеѓу граѓанскиот сектор помеѓу невладините организации, синдикатите, организациите на работодавачи можеше да биде многу подобро и поквалитетен доколку при учеството на секторски комитети за следење во било која оперативна програма освен што ги добиваме документите што е одлучено претходно можеме да дадеме добри предлози при формирање, при организирање, при програмирање на нови претпристапни фондови односно програми за нови апликации нинансирани од пристапната помош во било која од компонентите кои ни се на располагање.

Повторно ќе потсетам дека треба да размислиме колкави капацитети имаме самите организации за да можеме пред се да учествуваме а потоа и да даваме препораки. Јас нема да го анализирам Законот за здруженија на фондации, меѓутоа можеби е време за реалните организации, за реалното функционирање, меѓутоа врз основа на оние данични олеснувања или било кое олеснување споменати во стратегијата за да може граѓанскиот сектор да биде добар партнер на Владата и да допринесе сметам дека навистина е потребно да има олеснување и да бидат сфатени и да бидат респектирани и да не служат само како алатки. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам господине Бошков.

Госпоѓо Георгиевска, повелете.

Следен за збор, Маргарита Цава Николовска, Институт за човекови права.

**Виолета Георгиевска:**

Добар ден до сите. Здружението Интернет хотлајн провајдер Македонија е основано 2008 година со единствена цел за борба против нелегални активности на интернет. Согласно нашите цели и активности веќе сме во комуникација четири години со програмата за поobезбеден интернет и се бориме за основање на националниот Интернет хотлајн провајдер во Македонија како основна структура за основа на центарот за побезбеден интернет. 2010 година во рамките на Владата на Република Македонија донесе декларација за поoбезбеден интернет на Република Македонија и тогаш беше поставено прашањето кога Република Македонија планира да ги започне преговорите за донесување програмата во Република Македонија. Меѓутоа до денешен ние како Здружение на граѓани не добивме одговор.

Согласно нашите анализи, информацитe што ги имаме добиено од страна на нашите партнери на меѓународно ниво можеме да кажеме дека посебен акцент е ставен на дистрибуција на детската порнографија. Ситуацијата во Македонија не е розова.

Во период кога се направени скенирање и мерење на интернет сообраќајот од одредени надлежни институции на светско ниво применето дека во период од 6

месеци над 5000 различни документи со детска порнографија се даунлоадирани на територија на Република Македонија и при нашите статистички анализи добивме информации дека и методологиите што се користат на светско ниво мислиме дека во Македонија постои група на деца кои се злоставувани согласно со овие информации што ги имаме добиено. Бројката на таа група на деца е од 120 до 280.

Така да прашање до Владата повторно, кога ќе донесе одлука да се основа Националниот интернет хотлајн провајдер на Македонија како основна структура за безбедноста на интернетот т.е. структура кои што во суштина ќе ги креира стратегиите за подигање на свесноста кај населението за ваквите појави т.е. структура во кои што ќе се креираат законските акти за ваквите појави т.е. структура во која што ќе се врши еден вид контрола на сето она што се случува нелегално на интернет.

Предлог проектот за основање на Националниот интернет хотлајн провајдер до сите надлежни институции е доставен 2009 година. Веќе во 2010 година во координација со програмата за побезбеден интернет е предаден и предлог проектот за основање на центарот за побезбеден интернет во Република Македонија. Меѓутоа, сеуште повратен одговор немаме.

Со оглед на тоа што владините институции го изгласаа Законот за ратификација на Европската конвенција за сексуална злоупотреба на деца и млади во 2010 година, а притоа Владата е обврзана, значи збориме обврзана согласно тој закон да ја донесе програмата, сакам да кажам дека тоа сеуште не е створено. Значи преговорите да се донесе програмата во Македонија не се започнати.

Прашањето мое пак, кога Македонија планира да се приклучи на програмата за побезбеден интернет? Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Госпоѓа Маргарита Цаца Николовска, потоа Небојша Захариески, повелете.

**Маргарита Цаца Николовска:**

Благодарам.

Дозволете ми прво да ја поздравам иницијативата за една ваква средба и мислам дека сите ние од свој аспект можеме да допринесеме да се подобри оваа стратегија особено заради тоа што моја лична оценка е дека многу повеќе се само зборови на хартија отколку што е вистинско реализирање на она што значи активност на граѓанскиот сектор. Можеби се наоѓам во една таква ситуација да можам да оценам што значи работа во невладин сектор и што значи работа во т.н. јавен сектор и мислам дека овде треба многу повеќе да се обрне внимание на она вистинито што Владата понатаму ќе го направи.

Ќе тргнам од оној дел на предлог-стратегијата каде што е дадена карактеристика на граѓанскиот сектор и меѓудругото укажувањата дека организациите недоволно развиваат свои политики за комуникација со јавноста и недоволно ги користат медиумите за промоција на активности.

Од друга страна постои мал интерес на медиумите и новинарите да се разберат и да промовираат улога на достигнување на граѓанскиот сектор. Активностите за подобрување на капацитетите на граѓанските организации во оваа сфера се повеќе се развиваат и забележани се почести известувања во медиумите за секторските иницијативи. Дозволете речениците се доста нејасни и да кажам на

некој начин и во одреден дел се и контрадикторни, меѓутоа не навлегувам во самиот текст.

Моето прашање е што е понатаму во овозможување да се надминат проблемите околу неодовлно развивање на своите политики од страна на овие невладини организации и особено што ваквите на некој начин односи со медимите и понатаму се реперкуираат во текстот или се констатира.

Според одредени истражувања граѓанскиот сектор е најактивен во областа на човековите права што морам да изразам едно големо задоволство, меѓутоа не гледам како понатаму тие ќе бидат овозможувани во своите активности да такво нешто развиваат врзано за она што понатаму е најдено и утврдено како негативност или слабост во секторот, па се вели дека немаат граѓанските организации немаат соодветен капацитет, експертиза и финансиски ресурси да бидат активно вклучени во процесот на донесување на закони или мал број на професионално ангажиран персонал. На кој начин овие проблеми понатаму ќе се решат јас во стратегијата не го гледам, недоволната активност во стимулирање на општествената одговорност кај граѓаните е нешто кое што мора оваа стртегија да приложи како начин да се овозможи таквото стимулирање да биде еден од основите каде што општествената одговорност на граѓаните ќе биде препознаена и ќе се најде начин на кое што тоа ќе може да се минизира или ќе може да се оствари ако сакате.

Недоволната финансиска одржливост, сите ние се повеќе и повеќе сме соочени со фактот дека се помалку и помалку има донатори. Се прашувам, како е возможно да се очекува експерти, професионално ангажирање ако не постојат финансии за да може сето тоа да се покрие. Она што Владата односно што државата во својот Буџет или она што државата во своите сегменти што значи подршка финансиска на невладиниот сектор мислам дека е недоволна.

Закон за здружение и фондации беше потенциран како нешто што ја подобрила состојбата и така е константирано, јас ќе ви кажам и од моите информации дека постои многу големо незадоволство од овој закон. Вие можете да кажете дека е тоа индивидуално, меѓутоа тоа е нешто што го задира работењето на одредените фондации и го задира работењето на одредени здруженија.

И самата бројка на намалување на бројот на здруженијата и фондациите после овој закон укажува на одредени проблеми. Не велам дека се проблемите само финансиски, меѓутоа најголем дел кај фондациите и најголем дел кај здруженијата е исклучиво недовоно финансиската рамка и подршка каде што би можеле овие здруженија и фондации да работат. Ова што со овој закон е направено во делот да се прошири слободата на здружување на малолетници, странци, правни лица, тоа е да кажам чекор напред.

Меѓутоа, во колку има проблем со финансиите ова значи повторно чекор назад. Ако имаше многу големи коментари околу овој закон и мене ми е многу жал што кружи некое мислење дека голем дел од амандманите беа предложени. Јас лично ќе кажам дека се што предложив од аспект на човекови права во делот што е право на слобода на здружување, изразување на мисли итн, не беше прифатено.

Одредбите кои што се однесуваат за превземање на одредени обврски по овој закон само покажуваат тенденција на намалување на постоење на здруженијата и фондациите. Обврските што со овој закон се наметнаа во оној дел да контролира се Министерството за правда, дозволете не е во согласност барем со одредени демократски принципи и со одредени права на делот на слобода на здружување.

И ако сакате сето ова на некој начин во воведување на статуст на јавен интерес, можело да се постигне и на друг начин без да се задира во она што значи целосна информација и целосна контрола врз другите здруженија и врз фондациите.

Да не зборувам за обврската за компјутери, да не зборувам за обврската на презентирање на работење за кое што не знаеме дали овие здруженија и фондации се обучени.

Самите зборуваме дека постои една одредена необученост. Ако постои една таква необученост прашувам како тогаш можеме веднаш да наметнеме некој обврски кај невладиниот сектор. Треба поголема помош во тој дел за да се обезбеди целосно покривање и на тој професионално ангажиран персонал, кој што знаете дека ако не се плати нема ни да биде ангажиран ниту пак ќе сака да учествува. Истото се однесува и за експертите во делот на она за донесување на закон.

Волонтерство да, треба тоа да се подржува, меѓутоа вие на една страна имате експерти кои што се во голем дел платени, вие сите знаете дека се доста добро платени, а во другата страна во балансот на другите експерти барате волонтерство каде што воопшто не може да се очекува експерсткото презентирање, така како што е презентирано од страна на Владата.

Јас со оглед на времето само би се задржала уште на одржливост на секторот во дејностите за стекнување на добивика и еве да не се повторувам она што се беше кажано во делот за добивката за овој закон го подржувам и мислам дека тука повторно се доведува во прашање функционирањето и егзистирањето на оние здруженија и оние фондации кои што немаат потреба да бидат од јавен интерес, не заради нешто друго, туку само заради тоа што нити имаат добивка, нити пак тие можат утре, задутре да бараат некои бенефиции.

Ако тие бенефиции се потребни на невладиниот сектор, во оној момент кога ќе се јави некој донатор имаме закон кој што може да ги регулира тие состојби и може да се бара ослободување. Даночните и камински олеснувања се регулирани со нешто друго и мислам дека сите овие на некој начин укажувања треба да бидат преточени во стратегијата за да може невладиниот сектор полесно да работи. Идејата е не да се создава рамка која што ќе отежне работење, идејата е да се создаде рамка која ќе го олесни работењето. Стравот кој што е секаде присутен за членство во одредени асоцијации, во одредени здружувања во одредени фондации е нешто кое што исто така сметам дека треба да биде разгледувано да се овозможи навистина правото на слобода на здружување ефикасно да се остварува. Инаку има уште многу да се кажува, но мислам дека овие се доволно укажувања да може барем таа пирамида надоле малку да се прошири. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор Небојша Захариески од Младинската алијанса во Тетово, па потоа господинот Драгиша Милетиќ, повелете.

**Небојша Захариески:**

Почитувана претседателке на Националниот совет, членови на Националниот совет за евроинтеграции, ваши екселенции, почитувани колеги од невладин сектор, почитувани пратеници.

Мислам дека оваа расправа за Предлог-стратегијата соработка на Владата со невладиниот сектор треба да се сфати соработка со граѓанскиот сектор односно давање мотив на граѓаните на Република Македонија слободно да делуваат во малку поконкретна смисла на зборот.

За фактот дека ние како претставници на Младинската огранизација можеме да дадеме предлог за да се подобри овој тип на документ е познато и ние тоа го

правиме писмено итн, нема пречки околу тоа. Меѓутоа сакам да се осврнам кратко на суштината на општата состојба со граѓанското општество во Република Македонија.

Слушнавме многу факти што се случуваат има уште многу повеќе за кои не би сакал да должам важно е тоа што тие се познати како проблеми на Република Македонија, внатрешни проблеми повеќе, меѓутоа се знае дека има голема загриженост и кај претставниците на Меѓународната организација. Се намалува бројот на организации, финасирањата се оскудни, меѓутоа делувањето на невладиниот сектор е сведен на минимум. Проблемот кај нас невладините организации ние се повеќе и повеќе имаме средби и меѓусебе дискутираме, дебатираме меѓутоа не делуваме. Не е проблемот да се обезбеди над 50% финансирање на годишниот план или акционен план на одредена организација, не значи дека тоа е доволно, битна е суштината. Граѓанското општество во Македонија е многу назад од едноставна причина што не работи на својот проблем. Лесно е сега јас овде да имам можност немам време ограничено да критикувам Влада или некоја политичка провиниенција итн, меѓутоа ако се земе колку коалиции од невладини организации постојат во Република Македонија како бројка, понатаму каков е нивниот квалитет, дали се формално правно регистрирани и на крај дали и колку учествуваат во меѓународните повици на финансирање на тие мрежи и коалиции, ќе се добие една срамна бројка. Ако се земе во предвид дека Македонија е земја кандидат за членство во Европската унија.

Не се сложувам дека овде има голем број  на претставници на невладини организации, земете го бројот кој што постои во Македонија овде има добар дел претставници од меѓународни организации, итн, што е добро, а да не зборувам колку има вон Скопје. Значи Македонија не е еднакво на Скопје, се подразбира дека во секоја држава главниот град си има предности, меѓутоа слабост кај нас владиниот сектор што ние не сме организирани на национално ниво. А од регионот од каде што доаѓам, западниот регион, Полошкиот северозападен плански регион е оскудна ситуација. Тоа е единствен регион кој што не изработел ниту еден проект како средно ниво на власт.

Бидејќи нема никаква проактивна соработка со невладини организации. Огромни средства ни пропаѓаат од меѓународни донатори, а сопствените средства се ставаат во положба на искористување за одредени други цели. Еве оваа година не е тајна, Министерството за животна средина нема да инвестира во ниту еден проект на ниту една невладина организација од едноставна причина што нема средства бидејќи ланските не се ни почнати да се исплатуваат.

Слична е ситуација и со Министерството за култура, образование, итн. Значи, да не зборувам за локална самоуправа, меѓутоа зборот ми е дека проблемот е најповеќе кај нас или ние ќе почнеме еднаш да делуваме како што треба без разлика кој е на власт, каква е состојбата, дали е предизборна кампања, дали попис, не знам што. Секогаш проблемите на овој мал простор оваа мала држава ќе бидат на ниво издигнати на медиуми. Меѓутоа медиумите не доаѓаат на прес конференција на невладин сектор. Доаѓаат на 10%, а 1% објавуваат. Значи има многу проблеми.

Јас би ги повикал сите организации кои што сакаат да се вклучат во постоечките мрежи на национално ниво да тоа го направат да бидат охрабрени и за да поактивно, покреативно ние за себе дискутираме како ќе излеземе од оваа криза од секаков аспект.

Инаку за стратегијата за соработка со невладин сектор, сите нас не интересира најповеќе колку пати има за невладиниот сектор и дали некој ќе дојде до нив. Тоа дека треба да се инкорпорираат мерки од Европската унија итн, си инкорпорираат, се ставаат, документот е прекрасен се подобар и подобар, има

напредок, спомнавме колегите, колешката Тања Хафнер Адеми и веќе има дадено резултати, раздвижување во комуникацијата наша, меѓутоа сега работата на нас. Не може еден наш претставник или пак политичарите се занимаваат само со невладин сектор.

Јас не би должел повеќе, би сакал Граѓанска платформа на Македонија, граѓанска платформа за мир и стабилност, други коалиции, младински мрежи, итн, да не ги спомнувам кој со каква проблематика се занимава, да одлучат или ќе сервисираат формално правно ќе конкурираат на ниво на регионот, постојат одредени повици, познато е, на ниво на Западен Балкан заедно со Труција на ниво на Европа, или ние не треба ни да постоиме, инаку која е улогата. Се знае која е улогата, невладин сектор не е да се финансираат нашите агенди само ние за да постоиме заради реда, затоа што е кажано од Европската унија или заради тоа што имаме среќа да живееме или несреќа во еден демократски систем. Нашата обврска е да делуваме граѓански поактивно итн.

Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор господинот Драгиша Милетиќ, а потоа Суат Мисини од истражувачки сектор за граѓанско општество, повелете.

**Драгиша Милетиќ:**

Благодарам претседателке.

Почитувани присутни,

Како и што слушнавме од други колеги нема многу ни пофални зборови за невладиниот сектор во Република Македонија. Нема да должам и нема да имам долго обраќање, како и секогаш сум краток, вие слушнавме од мојата колешка Весна Бендевска која беше директна и многу отворена и така ќе бидам и јас отворен само со еден пример сакам да ви посочам до каде невладин сектро може да стигне и до каде поедини политички партии имаат влијание на невладин сектор.

Во владеачкото мнозинство постои едно малцинско мнозинство кое има два свои невладини сектори. Е сега, замислете една работа, дали може една невладина организација да биде под ист покрив со политичка партија. Внимавајте зборувам ни спрат горе, ни спрат доле. Значи, под една организација идна секретарка на претседател на партијата, биде претседател на невладин сектор или истата таа политичка партија има исто невладино здружение кое се занимава со културни манифестации. Нормално сите тие активности се финансирани во добар дел од Буџетот на Република Македонија. Се сега вие пресудете сами до каде оди таа ароганција од поедини политички партии и колку влијание трпи невладиниот сектор од одредени политички партии. Се додека биде така не можеме, навистина не можеме да збориме за невладин сектор кој нема да трпи ничие влијание кој ќе биде слободен и кој ќе може слободно апсолутно да ги каже сите свои примедби и своите замерки, а да не биде санкциониран од актуелната власт.

Сакам некој да ми реплицира, би сакал, за да ми каже дека ова што го кажав не е вистина. Е, тогаш може да ги каже и имињата и презимињата, нема таков бидете сигурни. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор господинот Суат Мисини од истражувачки сектор за граѓанско општество, а пота се јави за збор Сашо Матевски, повелете.

**Суат Мисини:**

Благодарам претседателке.

Почитувана претседателке на Националниот совет, членови на Националниот совет за евроинтеграции, ваши екселенции, почитувани колеги, почитувани пратеници.

Би сакал сосема на почеток да кажам дека според мене, а пред ваши очи мислам дека полека, но сигурно се распаѓа невладиниот сектор во Република Македонија, ама тоа не е проблем барем на прва рака на властите, но ќе биде проблем во некој друг момент кога ќе треба евентуално во некој момент да се покријат некои дупки кои што со тоа ќе се создадат.

Дебатата денеска што се води или требаше да се води за стратегијата мислам дека е најмалку присутна и ми се чини дека од едноставна причина затоа што сите плус, минус се согласуваме дека стратегијата е добра, таа може да биде уште подобара меѓутоа е еден навистина вреден документ кој што има содржина и опфаќа многу аспекти и сегменти кои што се важни за работењето на невладините организации односно односите помеѓу невладините органзации и властите.

Настрана што овој добар документ, значи првите термини со кои што процесира се инклузивен процес и учество, јас сепак сакам да го потенцирам оној дел што го спомна и госпоѓата Весна Бендевска иако очекувам дека некој друг треба да го каже тоа, не таа, но добро, а тоа е вистинското ниво одосно вистинскиот импакт што го имаат невладините организации во тоа учество и од нашето искуство до сега јас можам да тврдам дека тоа е сосема половично.

Беа споманти некои закони, беше спомнат Законот за антидискриминација итн, значи сакам да ве потсетам дека три години по ред за време на состаноците на подкомитет Владата на Република Македонија земаше обврска да го донесе тој закон. И ние го лажевме Брисел три години и не е проблемот во тоа дека сексуалната оринтација беше нешто што беше неконтабилно да се стави во законот и таму, ние и од оваа говорница ние предупредувавме дека таму има сериозни конструкциски проблеми.

Но добро, јасно е да ги повторам законите што беа спомнати и ќе ве потсетам на пример Законот за бесплатна правна помош. Тој закон не функционира. Сериозни забелешки беа давани за да текстот на законот пред да биде усвоен биде подобрен, дури имаше и анализи за тоа што ќе се случува ако ова остане вака или тоа не се прифати онака но добро и сега ние имаме еден закон кој што ја рангира Република Македонија како држава и пред очите на Брисел итн, како една напредна држава со цивилизациски придобивки затоа што имаме ние еден закон кој што многу ретко и се среќава во Европа, ама тука застанува приказната.

Законот за здруженија и фондации исто така беше предмет на сериозни расправи и исто така сериозни предлози од невладините организации не беа прифатени и сега имаме еден закон кој што е за многумина супер, тој функционира вака и така, но да ви кажам од една страна, значи прилично е фрустрирачки кога во серија ви се случуваат закони кои што се усвоени без импутот на ајде сериозниот импут од невладините организации кои што имале што да кажат на таа тема и она што го гледаат во меѓувреме кога законите се спроведуваат.

Јас не сум сигурен дали пратениците во Собранието на Република Македонија резбираат што точно значи статустот на организација од јавен интерес. Значи јас би сакал да чујам некој пратеник да ми објасни што подразбира под тоа. Ама не е само

во тоа прашањето, прашањето е дека таму има еден длабок расцеп во филозофијата помеѓу она што се нарекува статус на организација од јавен интерес и организација на која и се даваат јавни овластувања.

А вие од една страна имате организации од јавен интерес кои што ќе имаат дополнителни царински и даночни олеснувања, зборам дополнителни во смисол на член 88 којшто кажува дека надвор од олеснувањата кои што се спомнати во член 7 од законот, значи овие со статустот ќе имаат дополнителни даночни олеснувања кои што патем никогаш не ги видовме, пред две години е донесен законот, камо се тие олеснувања, а веднаш потоа во Глава 12 ви кажува дека на организациите можат да и се дадат јавни овластувања. Бидејќи нема дистинција значи јавни овластувања може да им се дадат и на овие со статус и на овие бе статус. Овие без статус немаат даночни олеснувања, а тие со статус пак исто така интересна работа е, нивните годиншни итн, извештаи ќе ги одобрува Владата. Значи од истава говорница пред, колку има 2,5 или 3 години на таа тема зборувавме дека, не пред две е донесен, ама дискусиите беа претходно. Зборувавме дека нас ни треба помалку регулација, не повеќе регулација. Затоа што тоа создава проблеми.

Спомнавте дека на послената владина седница е избрана Комисијата, значи со 20 месеци задоцнувања, така? Сакам да апелирам, треба да се прават акционите планови кон стратегијата, значи вклучете ги невладините организации во изготвувањето на акционите планови затоа што ние таму ќе ви кажеме дека морате да вклучите рокови и морате да вклучите кој е одговорен за нешто што нема да се направи. 20 месеци немаме комисија и никому ништо. Значи, дополнителна фрустрација.

Законот за азил кој што беше донесен во 2003 и подобрувањата што се случија после тоа беа еден од бенџ марковите ние да добиеме визна либерализација. Значи, преку ноќ, никој не знаеше, втори измени се направија во Законот за азил, каде што стандардите што веќе беа постигнати ги спуштивме доле. Сега, јасни се сите поенти околу политичка волја итн. ама верувајте дека е стварно фрустрирачки кога невладините организации се наоѓаат во функција само да покријат еден протоколарен дел во работењето, па да кажат не знам институции, власти, итн, дека ние ова во инклузивен процес го донесовме итн, а всушност импутот што невладините организации имале да го дадат всушност го нема. И зборувајќи за опкружувањето кое што е најважно, многу поважно од сето она што сакате премногу да го регулирате. Значи се додека властите оценуваат кој зборува, а не за што се зборува, за што зборуваме ние. За каква околина ние зборуваме.

Би сакал некој не мене да ме извести мислам дека сите ќе ги интересира тоа до каде е работата со отпишувањето на луѓето кои што формираат невладини организации од списокот на невработени во АВРМ. Дали некој има таква информација. Значи, вие треба да разберете дека директно се атакува на слободата на здружување со таквите мерки што е уставна категорија. Значи, вие ме обесхрабрувате мене да направам здружение на граѓани затоа што ќе ме избришете од листата на невработени ако сум јас на таа листа.

Што е со јавните собири, можеби не е тема од стратегијата ама е повторно нешто врзано со невладините организации. Во Уставот пишува дека не мора да пријавите јавни собири, имате Закон за јавни собири или јавен ред и мир како веќе се вика, во кој што вика дека морате. Е сега, Уставот не се применува во пракса, се применува законот, тоа го гледаме спрема казните. Значи, што е тука Устав, што е закон. Зборувам за околината, на тема околина. Сосема со право и бев пријатно изненаден кога видов во стратегијата дека таму се зборува за институционална подршка, за кофинансирање, тоа е нешто што стварно ме радува ако тоа се развие

ќе биде одлично. Ама кога веќе зборуваме за одржливост, мислите дека е нормално ние да плаќаме индустриск струја, вода, смет итн. Знаете што ви значи кога ќе дојде 30 илјади месечно струја, затоа што дупло плаќате, затоа што сте правно лице. Ние работиме за вас, а плаќаме дупло. И донаторите викаат, не може више. Со тоа не знам кој се занимава.

И конечно, поврзано со политичката волја и околината, зборувате за перење пари, финансирање на теторизам, значи обврските кои што произлегуваат од законот итн, ајде на страна што се случува со Управата тоа не е тема денес. Сакам некој да ми објасни зошто во тој закон ги нема политичките партии и верските заедници. По стоти пат го прашуваме ова. Ние сме најопфатните во државата, финансираме тероризам. Значи од аспект на политичка волја, значи од аспектна градење доверба, тоа е она што едно 20-30 пати го спомнувате најмалце во стратегијата итн, значи треба да покажете конкретни примери не само не знам побрзо да изберете комисија итн, не 20 месеци да чекате туку вистински чекори со кои ќе покажете дека, да, ние како држава сакаме да има граѓанско општество и сакаме да го храниме тоа граѓанско општество кое што ќе биде коректив и нема веднаш срцев удар да не удри ако некој не искритикува инт, и ќе се држиме до темата за која што невладините организации зборуваат. Дали е некој соросоид, дали има 4 уши или не знам, можеби рогови, мислам дека треба да престанеме со тоа да се занимаваме, туку да се занимаваме со тоа за што зборуваат невладините организации. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор господинот Сашо Матевски од Белависта, а потоа Тања Томиќ, повелете.

**Сашо Матевски:**

Имам задоволство да ве поздравам сите тука присутни, пред се луѓето од Националниот совет за европска интеграција, од канцеларијата на Владата за соработка со невладиниот сектор и сите од дипломатскиот кор.

Јас доаѓам од една помала граѓанска организација за среќа и веќе да дојде и до ова место да можеме и ние тука да дебатираме, но ќе забележам дека пред се за жал има под аспект она кои што сме вистински број на граѓански организации во Македонија многу малку пристуни, а како што забележувам за разлика има пак од оние помошните кои што се или преставници на некои си странски фондации или така нешто во Македонија.

Јас ќе зборувам од оние помалите кои што имаме жар да твориме и кои имаме програмски цели и мисија во Македонија да допринесеме. Во таа насока ќе бидам краток и ќе напомнам само дека би било добро да сите тука присутни сфатиме дека имаме шанса за Македонија нешто да направиме. Можам да кажам не дека има помалку пари за имплементација од аспект на она што донаторите отидоа. Имаме цела една лепеза на програми кои што во овој момент Европската унија ја нуди, но доколку ние сите заедно сфатиме дека тоа можеме да го оставиме во делот на стратешките планови и акти, доколку добро се меѓу нас се излинкуваме и доколку вистински како граѓански сектор влеземе во стратегијата на Владата каде што веќе гледам дека има добри појдовни основи и зачетоци, има една тема која што може убаво да се надгради, би било добро ние да зборуваме и да докажеме што мислиме да доставиме од таа стратегија.

Тука би сакал да кажам има еден голем чекор направено, но за жал ние граѓанската организација се повеќе имаме шанса во овие моменти од аспект на

фондовите што ги има да соработуваме со општините. Е тука е многу тешко да се пријде, сеуште општинските фактори се тесно административни кои сметаат дека они се тие кои што само оние се тие кои можат да имплементираат, а ние само можеме од страна да се сликаме кога ќе им бидеме потребни од делот на стратешките планови ние што ги работиме. Тука ќе укажам дека коапликанти сме на три прогарми од прегугранична соработка со Албанија каде што и од таму доаѓаме од северозападниот регион, но со тенденција на ширење во повеќе региони во Македонија. Така да би сакал да кажам дека од тој аспект би требало пред се ова тело за евроинтеграција да биде носител на многуте ревидирања на стратегии во Македонија од аспект на она што е потребно на севкупниот сектор не само на цивилниот сектор во Македонија. Ние знам дека имаме капацитетит повеќето од здруженијата и затоа ни се овозможува да преминеме во друга форма од јавен карактер, затоа ќе кажам дека имаме простор да се професионализираме, а како такви професионалци да допринесеме во самиот развој и во она за се што има за среќа европскиот даночен обврзник што ни го дарува да биде вистинско имплементирано во Македонија и да од тој аспект направиме она што е потребно за нашите кој што, пред се, вас политичари ве гласаат, но и нас кои што се целните групи за кои што дејствуваме на самиот терен. Затоа велам дека мора да го поднесме заеднички товарот и да направиме нешто што би било добро. Во тој контекст ќе кажам дека, пред се како организација што работиме во делот на руралниот развој, а од каде што сублимираме и мислиме дека туку би било најповеќе еден вистински производ, а тоа се вика туризмот. Јас мислам дека европскиот граѓанин е повеќе во Македонија да го види туризмот. Најповеќе не гледаат како сектор каде што имаме пред се сеуште добро општество за да го она што беше традиционалното да се престави на трпеза, она што имаме од убавините да ја ставиме во лепеза како производ и она што е културното наследство да му дадаме третман, но се политички цели, да му третман за вистински економски цели кои што понатаму преку тоа културно наследство би биле препознатливи по бренд, би докажале нашето битисување на овие простори, преку тоа би го зајакнале нашето самостојно живеење на теренот пред во руралните средини и како такви на социјалните групи и би им овозможиле нешто на нивните стари домови, нивните стари објекти, да можат да мислат и да можат да егзистираат и да прифатат гости.

Значи она се што старо, некому е актуелно и некој би го третирал, но ние сеуште немаме програмски добри активности за да тоа ги испочитуваме и тоа да го ставиме во цели, а не само да го зборуваме дека е тоа наша мисија. Значи оттука да иницирам преку ова тело да се направи ревизија на сите стратешки документи кои што потребни за локален економски развој, регуларните стратешки документи се со една цел ова Национално тело за интеграции треба да иницира национални стратегии, кои што ќе се линкуваат со сите овие сега можни фондови што го нуди Европската унија пред се затоа преку тоа ние највистински ќе се линкуваме и ќе станеме рамноправни членови и жители на Европската унија. Со еден збор иницирам да се направи национална стратегија за туризам, која што ќе биде апсолутно компатибилна со сите мерки кои што ги има во овој момент и кој што ќе дојдат до 2017, а таа национална стратегија да кореспондира со регионалната, со нашите регионални околни држави затоа што вистински да кажам доаѓам и од Туристичката комора на Република Македонија како потпретседател задолжен за рурален туризам и тука можам да кажам дека нашата нова стратегија за туризам би требало да кореспондира со останите во регионот затоа што како пазар да бидеме примамливи за да ги доловиме сите оние високи тур оператори и да бидеме вистински пазар. Оттука би сакал само да напомнам дека со воведување на туризмот т.е. и Законот за

туризмот во Македонија на многу целни групи пред се во регионот ќе им се даде можност она што го произведуваат вистински да дојде на нивната трпеза, не да оди од страната на прекупците. Со она што кажав тука повеќе се вметнува можност за да развие сето цивилно општество. И уште едно би сакал да кажам за тие работи, оние граѓански асоцијации кои што имаат највеќе капацитет би било добро да прејдат и да земат и во делот на концесии, затоа што се можеби подобри концесионери, даречам од останатите од бизнис секторот и другите форми кои што се можност за апликации на тие мерки.

Со други зборови би сакал да напомнам само уште дека ова тело би требало да го доразвие и да биде учесник на некои стратешки планови за соработка со општините, пред се за наше понатамошно инволвирање во тие работи. Не знам дали ќе се случи се почесто да може да збориме од таа говорница, од општинската, но највистински ние како граѓанска организација сме најблиску партнери со тие општини затоа што овие програми се во моментот кои ни се пружат.

Би сакал да се заблагодарам и да кажам стоиме на располагање на тематските активности од она што ги искажавме во просторот каде што работиме и делуваме би сакале да учествуваме и да дадеме допринос. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Тања Томиќ, повелете.

**Тања Томиќ**:

Благодарам претседателке.

За разлика од друг пат на седницита на комисиите ќе се обидам да бидам колку што е можно пократка бидејќи како што напомена некој од говорниците ние сме тука да ве слушнеме вас што мислите. Морам да ви кажам дека од денешнава дискусија до сега што слушнав дека сте премногу самокритични. Би сакала да е така кога и ние политичариве си ја оценуваме само својата работа и да бидеме некогаш и повеќе објективни. Меѓутоа мислам дека она што денеска само за себе си ги кажавте како критика беше премногу, бидејќи невладниот сектор барем од она како ние го гледаме навистина дава голем придонес и самиот факт што сте присутни на јавнава дискусија во толкав број го покажува тоа. Знам дека можеби бројката ви изгледа мала во однос на вкупниот број на невладини организации, меѓутоа верувајте ми, сме имале јавни расправи кога тука седеле само 10 луѓе од можни 500 поканети, што покажува дека сепак како невладин сектор сте заинтересирани да учествувате во подобрување на процесите и тоа е начинот на кој што јас лично гледам дека треба ние всушност да соработуваме. Да ние како политичари ви овозможиме простор и можност да земете учество, а да вие покажете иницијатива и да вие тоа го сторите. И навистина ми драго што денеска имаме можност да разговараме за стратегијата заеднички.

Пред да преминам поединечно на делови од Стратегијата би сакала да напоменам дека сметам дека генерално проблемот е во праксата и во начинот на спроведување на работите повеќе од тоа што го имаме на хартија бидејќи во самата стратегија се наведени еден куп кодекси, регистри, правилници, иницијативи, комисии и сл. кои што би требало да придонесат во вклучување на цивилното општество во носење на одлуките. Но, за жал свесни сме дека тоа во реалноста не е така и поради тоа сметам дека стратегијата оваква каква што ни е предложена не е добра и нема

да придонесе за надминување на тие процеси, туку напротив треба да биде многу попрецизна, многу подиректна и многу поресткриктивна во однос на следење на работата на владините институции, бидејќи по сите овие документи кои шти ги напоменав, на хартија е добро напишано како треба да сорабитуваме и во кодексот на добри практики е исто така добро напишано. За жал, тоа пракса не се спроведува така и мислам дека тоа во стратегијата треба да го имаме напишано за да може се подобруваат состојбите. Имавме неколку примери почнувајќи од Законот за млади, Законот за здравствена заштита, во која што здруженијата на граѓани кои што работат во сферата имаа огромен број на забелешки и за жал мораа да ги доставуваат откако законот беше пуштен во процедура. Она што мислам дека треба да го наведеме во Стратегијата е дека консултациите и координацијата со здруженијата на граѓани кои што работат во одредена сфера треба да државните институции да ги прават пред одреден закон, одлука или решение да се пушти во постапка за разгледување бидејќи потоа доаѓаме во состојба да вадиме жешки костени и да ги оправиме ситуациите кои можеле воопшто да не се случат.

Во однос на самата Стратегија она што напоменав дека треба да биде малку подиректна во кажувањето на работите се однесува и во делот на одржливоста на секторот. Сметам дека во првиот сегмент треба да додадеме уште една реченица која што ќе вели дека се задолжува Владата да преземе мерки за подобрување на одржливоста на здруженијата на граѓани, бидејќи ги лоцира проблемите, зошто на кој начин се намалуваат средствата во цивилниот сектор. Меѓутоа сметам дека треба да ставиме директно задолжување на Владата да се преземат мерки, дали и конкретно да се наведе за да се зголемат средствата за донирање на здруженијата на граѓани и процесот да се прави многу потранспаретно и со многу поголема отчетност, бидејќи еве деновиве имаме случај во кој што Градот Скопје донирал средства на здружение на граѓани на еден од советниците. Значи навистина сметам дека и кога се доделуваат средствата треба да има многу поголема отчетност за да нема злоупотреби како што се случувале и сега и во минатото.

Исто така во делот 3, учество во креирање на јавна политика вели дека во последниве неколку години забележано е дека граѓанските организаци се повеќе се вклучуваат во процесите на креирање политики и донесува закони. Дозволете ми да не се сложам со оваа теза бидејќи сметам дека во минатото сме имале многу поголема пракса на вклученост на здруженијата на граѓани во носење на одлуките. Таков е примерот за Законот за млади или претходн кога се носеше Националната стратегија за млади која што се носеше во процес кој траеше година и пол дена во која што и покрај сите напори се вклучија сите здруженија на граѓани кои работат во сферата на младите, без оглед дали некој били сметан до оваа политичка или до онаа политичка опција и сметам дека не можеме да си дозволиме да ставаме констатации дека се подобрува вклученоста на граѓанските организации до колку тоа не е така.

Исто така овие документи кои што се наведени дека целосно се спроведуваат во Главата 3, сметам дека на крајот треба да се додаде дека треба да се применуваат доследно бидејќи тоа не е случајот.

Исто така методологијата за проценка на влијанието на регулативата вели дека е од основно значење посветеноста на Владата на истата. Меѓутоа за жал во Собранието имавме многгу случаи да ни се достават закони без при тоа да ни се достави проценка на влијанието на регулативата и поради тоа сме биле во состојва дел од законит и лошо да влијаат и поради тоа сметам дека тука треба да се додаде дека треба таа состојба, дека треба таа примена на методологијата на проценка на

влијанието на регулативата да се интензивира. И да не должам имам уште еден куп забелешки кои што го доставам во текот на процедурата. Она што сметам дека исто така треба да се направи е конкретно забелешките што денеска ги дадовте да се вметнат во дадените цели, мерки и носители на мерките како и периодот на спроведување во Стратегија за да може конечно да ги помрднеме работите од мртва точка или на пример ако веќе говориме за зголемување на средствата кои што државата ќе ги троши за финансирање на здруженијата на граѓани, тогаш во мерки не треба да стои измена на буџетската ставка за трансфер до невладини организации, туку треба да стои зголемување на буџетската ставка за трансфер до невладини организации, а и носителите на мерките сметам дека не треба да се стават на крај на секоја точка генерално дека нели Генерален секретаријат, одделение за соработка со невладини организации, Министерството за правда, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и други релеватни министерства се задолжени за 15-те претходни мерки, туку напротив сметам дека за секоја мерка треба да се даде конкретно која институција е задолжена за да можеме потоа да бараме отчет од таа институција која институиција е задолжена зошто тоа нешто не е сработено.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Бидејќи нема други пријавени за збор, дозволете јас да кажам неколку работи кои што ценам дека Стратегијата ги има како минус, или работи каде што Стратегијата треба да се подобри.

Значи прво, денешната дебата мислам дека покажува, токму поради тоа што дебатата многу често не се водеше само по Стратегијата, туку отвори навистина голем број на практично проблеми кои секојдневно му се случуваат на граѓанскиот сектор, мислам дека самата дебата покажува дека Владата мора да најде некој вистински начин за редовен дијалог со граѓанскиот сектор. Ако немаше Стратегија сега да ја дискутираме овде во Собранието, а некој можеше да кажува ова е Стратегија на Владата зошто да се меша Собранието, голем дел од прашањата немаше да се отворат а камоли да се затворат. Ако ништо друго барем поголема гласност сега обезбедивме за голем дел од тие дилеми. Значи мислам дека тоа е прашање кое што не мора да го решавате во Стратегијата, ама мислам дека како порака од оваа јавна дебата би требало да стигне до вистинската адреса, а тоа е дека голем дел од овие теми би требало тековно да се решаваат од страна на надлежните институции.

Јас би сакала генерално да се сконцентрирам на две слабости на стратегијата и да дадам неколку предлози како тие можат да се поправат. Прво, сеуште мислам дека многу малку и многу слабо се размислува за вистинскиот начин на кој граѓанскиот сектор ќе се вклучи во подготовките и преговорите на Македонија со Европска унија. Значи сеуште е тоа само во зародиш, сеуште се најавува без никаква форма и сеуште е оставено на добрата или лоша волја на институциите кои тие преговори ќе ги вршат. Мислам дека ако нема општ чадор како невладините организации ќе можат доколку, сакаат да учествуваат, да помагаат во изработка на македонските преговарачки позиции, мислам дека ќе се претвори целиот процес во хаотичен и ниту една невладина организација нема да постигне никакво вистинско влијание. Значи мислам дека на ова прашање можеби не само Генералниот секретаријат, можеби и Секретаријатот за европски прашања мора да му пристапи со една нова форма во која ќе се знае точно кои невладини организации можат да бидат

корисни да учествуваат во кои поглавја. Денеска ова што беше отворено околу сигурноста на интернет, детската порнографија, е тема која дури и да не почнат европските преговори како што тргнале, битно е да ја разрешиме. Меѓутоа ако тие линкови помеѓу соодветните министерства, идниот преговарач во име на Македонија и невалдиниот сектор беа поставени, јас мислам дека тие ќе беа разрешени без да се поставуваат на седница.

И втората слабост која што мислам дека ја има Стратегијата е што на некои суштински прашања повеќе ги поставува прашањата, отколку што ги затвара. Повеќе ги отвара прашањата, отколку што нуди одговори и тоа мислам дека е клучен хендикеп затоа што мислам дека тие се стратешки теми. На пример, во верзијата која што денеска сабајлево ја добивме можеме да прочитаме дека една од мерките конкретни е анализа на потребата за формирање на советодавно тело за унаредување на соработката со граѓанскиот сектор. Пазете, во бирократскиот превод со вистински јазик ова значи ништо. Ние преземаме обврска да мислиме. Во верзијата која што ја имавме до денеска практично оваа мерка беше многу поконкретна и за мене поприфатлива, а тоа е формирање на советодавно тело. Јас сега се чудам ако веќе луѓето кои што се најзадолжени веќе предвиделе дека такво тело ќе се формира советодавно тело, а сега допрва им треба анализа, врз база на кое размислување ни предложиле советодавно тело во почетокот. И такви има неколку, мислам дека на најважните прашања во последниве неколку дена се ставени знакови на прашања од страна на Генералниот секретаријат или луѓето кои што ја подготвуваат Стратегијата. Значи ако претходно, еве уште еден пример стоело донесување на правно обврзувачки акт за распределба на средства од буџетот, значи тоа што сите се жалат, не се знае каде одат парите, ако сега сме рекле е сега ќе донесеме акт тоа да го регулираме во новата верзија, која претпоставувам дека голем дел немаа прилика да ја видат разгледување на можност за донесување на акт. Што значи тоа, од бирократски на обичен јазик, тоа значи ништо. Малку ќе размислуваме, можда.

Значи, според мене ако овој документ го крстуваме предлог-стратегија тој стратешки документ треба да даде одговор на овие прашање дали ни треба или ни треба советодавно тело, дали ни треба регулирање на финансирањето или не ни треба регулирање. Инаку ова е само опис, а не е стратегија. Според моја проценка ова не е научна фантастика. Значи јас би очекувала дека ваквите анализи се направени пред да се седне да се пишува предлог за стратегија. А не само да си зададеме нова домашна задача откако сме ја усвоиле стратегијата. Овие теми се поважни од 50% проценти од текстот на Стратегијата кои што се однесува на минатото. И мислам дека ако, погледнав малку низ списокот денеска овде и тоа сакам да го поздравам присутни се некаде 11 луѓе од владините институции кои што се задолжени за ова стратегија. Ако има толку луѓе јас сум убедена дека не е возможно овие анализи до сега да не се направиле. Значи не е возможно ова размислување, ова размислување, оваа споредба со други држави итн. и мислам дека тоа било направено, затоа во претходната верзија на Стратегијата стојат конкретни обврски да се направи советодавно тело за соработка со невладиниот сектор, кој ова ќе го надомести овој недостиг на дијалог да имаме правила како ќе се даваат парите и тоа да ни бидат всушност главните мерки. Ако не тогаш ви велам Стратегијата нема да затвори ништо, ќе ни отвори 10 врати и допрва ќе размислуваме што треба да правиме во соработка со граѓанскиот сектор.

Еве конкретни неколку работи кои што може да ги сместите под мерки, може да ги земете предвид, ама мислам дека многу повеќе ќе влијаат на граѓанскиот сектор отколку многу долгите елаборации за теоретски работи.

Прво, има ли политичка волја да стои една мерка во која што ќе каже дека државата, еве втор чекор ќе ги земеме општините, државата и централните институции ќе имаат обврка, иако таа е ставена во неколку други закони, ама еве и овде да ги објавуваат сите повици на почеток на годината до невладините организации заинтересирани да добијат некакви финансирање и сите на едно место, а тоа е кај вас во Генералниот секретаријат да можеме да ги добиеме на еден список. Денеска човек треба да биде инспектор-детектив за да најде кои пари од нашиот буџет одат во кои невладини организации. Има тендер, или еден повик кој е централизиран и горе-доле е транспарентен. Тоа е тој централен од Владата кај што одат парите по буџетска линија и тоа е во ред. Ама знаете како таму поминуваат, условно ќе кажам 1000 денари, а од многу други мали славинчиња низ илјада институции, министерства, агенции и.т.н. сто пати по илјада денари. Сите пари доаѓаат од едно место. Значи задача ако веќе се прават портали заеднички, ако веќе имаме едно тело кое што се занимава со невладиниот сектор и заради зголемување на транспаретноста е точно да знаеме точно и кои со колку пари невладини организации се финансираат. Најидикативен пример беше со Министерството за култура кое многу транспарентно ја објави програмата за култура во која има и многу невладини организации кои се финансираат. Има едно ама, денар не беше спомнат. Значи во ниеден момент не можевме да знаеме дали одредена невладина организација добила милион денари или 10 илјади денари. Мислам дека е тоа нетранспаретност, мислам дека злоупотреба на транспаретноста. Тоа е првиот предлог кој што сакам да го кажам.

И вториот предлог дека ако ни требаат некои анализи за во иднина мислам дека е тоа анализа каде и во кои сектори одат парите кои што од ослободување од даноци согласно Законот за здруженија и фондации бизнис секторот ги насочува кон граѓанскиот сектор. Би било интересно и корисно за многу граѓански организации, а тоа државата може, државните институции можат да го направат, да каже бидејќи навистина значително се зголемени парите, колку што видов 600%, 6 пати се зголемени парите и најверојатно во 2010 година ист ќе биде трендот дајте да видиме во кои области одат и дајте да видиме дали можеме со некои дополнителни измени дури и да стимулираме зголемено учество на бизнис секторот кон финансирањето.

И последниот предлог кој што сакам да го кажам тоа е дека треба да им олесниме на невладините организации кои гледаме само мал број од нив имаат ресурси и капацитети да обезбедат и да знаат како денеска се стига до тешко достапните пари, ако донаторите го намалуваат износот, ако донатори стануваат се покомплицирани, мислам дека задача на македонсктите институции е да им го олеснат на невладините. Не можете да очекувате дека некоја невладина организација која немала пари да финансира 10 експерти домашни кои што ќе знаат како ИПА функционира, како функционираат другите фондови, како функционираат регионалните фондови, и дури да бидат компетитивни, место да ги тераме да го прават невозможното мислам дека е добро Владата да обезбеди и тоа за кусо време може да се направи целосен преглед кои се пари се достапни за македонскиот граѓански сектор. Какви се процедурите, какви се правилата, тоа некои го прават од невладините. Ама дека тоа е прво задача која треба да го направат државните институции, бидејќи срамота е што во голем дел од случаите македонските пари од европските фондови не се користат до крај и тоа се еден случај со еден дел од

парите кои што можат да отидат во граѓанскиот сектор. Меѓутоа граѓанскиот сектор за да искористи едно евро европски пари треба да даде неколку денари. Е тие неколку денари стануваат проблем и тоа го поздравувам како една од мерките мора да најдеме начин како да помогнеме со кофинансирањето. Знам јас, сигурно вие повеќе знаете од мене, за неколку невладини организации кои добија пристап до одлични средства, дури тоа не се европски, туку се баш меѓународни средства кои што се наменети на невладините организаци и кои што мораат да ги вратат назад затоа што немаа навистина мали суми и едноставно донаторите рекоа ако Македонија не е заинтересирана да ги искористи овие пари тогаш извинете не е тоа наш проблем.

Така што завршно поздравувам дека за Стратегијата дискутираме, меѓутоа оваа Стратегија страда од условни обврски и страда од недостиг на конкретни активности кои што уште утре ќе донесат резултат. Ми е страв ако се точни некои коментари кои што ги чувме денеска дека после година дена ќе се вратиме овде, ќе кажеме дека одлична била Стратегијата, операцијата успеала ама пациентот или граѓанскиот сектор приумира. Тоа не би сакала да се случи и затоа мислам дека треба да се вратиме назад на некои од решенија кои што имавте предвидено во текстот.

Ви благодарам. Не знам дали госпоѓата Хафнер ќе ве поздрави исто на крајот како еден од соорганизаторите.

**Тања Хафнер Адеми:**

Јас би сакала всушност да не должам поради веќе долго време го посветивме на оваа Стратегија и бидејќи очекував дека можеби некој друг примети, ама како што приметивме со претседателката сфатив дека всушност разговараме за предлогот кој што ви беше пратен по имеил порака. Јас во текот работењето на оваа јавна расправа успеав како претседателка да видам некои од поместувањата и за жал, според мојата проценка тие се однесуваат на некои од клучните мерки како е националната подршка, како што е издигнување на одделението на ниво на сектор, како што е поставување и информирање на совет итн. и за жал како што реков на почеток ние како Сектор, или барем јас мислам дека треба стратегијата во тој дел да се зајакне, значи да прерасне од мерките анализа, во конкретни мерки, како формирање, издигнување итн. Гледам дека е сега обратниот тренд. Единствено кај што го гледам оставено е Законот за лобирање, односно мерка подобрување на спроведување на Законот за лобирање која со години е една од прогрес забелешка во Извештајот, но секако дека само подобрување на спроведувањето не е вистинска мерка, бидејќи знаеме дека еден регистриран лобист и дека во суштина тој закон не функционален според проценките на граѓанските организации, веројатно би требало да се пристапи амандмирање или сосема нов закон. Што ми е поентата? Бидејќи граѓански организации и во текот на јануари и во почеток на февруари учествува во јавните расправи кој што го организираше ова одделение и дадоа свој придонес, но сега во некои од клучните мерки кои нас не засегаат како сектор се случуваат овие обратни промени. Значи ние сакаме засилување на мерките, гледаме дека тие омекнуваат. Сакам да поканам колегите од одделението да ни кажат дали уште постои простор. Ние како граѓанска организација да дадеме придонес од една страна, од друга страна нас како сектор да ни биде кажано причината зошто дошло до такви промени во тие клучни мерки за нас. Јас во мојата матична организација која што работи на регионално ниво и развој на граѓанско општество на регионално ниво, во соработка со Канцеларијата за соработка со граѓански организации од Србија, од Хрватска и Таксо проектот за три недели во Белград ќе организираме голем собир.

Тоа е реагионална канцеларија која што го следи примерот на нашата канцеларија од март 2008 година. Идејата е на таа конференција е востпоставување или повторно заживување на дијалогот и и канцелариии за соработка на невладини организации во регионот и граѓански организации. Јас би сакала нашите колеги од одделние да имаат прилика за три недели да ја презентираат оваа стратегија и да бидат горди на тоа и ние како граѓански организации да бидеме во можност да кажеме дека ова е навистина стратегија како што беше денеска искажано. Меѓутоа мислам дека со овие промени во насока на омекнување на мерките а на на нивно зацрвстување нема тоа да го достигнеме. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Дозволете ми да ја повикам госпоѓа Сузана Никодијевиќ Филиповска за одговори на некои од прашањата, јас се надевам дека на сите прашања кои што веќе беа поставени.

**Сузана Никодијевиќ Филиповска:**

Јас пред се би сакала да искажам задоволство од исклучително корисна дебата денеска во Собранието. Прашањата кои што беа денес отворени беа разговарани во текот на работата на документот, во рамките на работната група за подршка на изработка на Стратегијата, но исто така и на јавните расправи по текстот на Предлог Стратегијата и ме радува особено вашата констатација дека сте задоволни од документот, како генерална оценка и дека најголемиот дел, забелешките кои што беа искажани од вас дека се земени предвид и дека се инкорпорирани во текстот на Стратегијата. Она со кое што не би сакала да се согласам е како почна самата дискусија денес, дека во изминатите 5 години не сме сведоци на подобрување на состојбите односно дека нема евидентна полезност од донесување на Стратегијата во 2007 година и формирањето на одделението за соработка со невладините организации. Сметам дека во воведниот дел на документот каде што се дава генерален осврт на состојбите во граѓанскиот сектор, но и осврт на создавањето на опкружувачка правна рамка во одделните области кои се од значење за граѓанскиот сектор токму има докази за промени на состојбите.

Би сакала само уште еднаш да потенцирам кодексот на добри практики на финансиска подршка на здруженијата и фондациите од буџетот. Беше спомената потребата од унификација на процедурите за распределба на средствата и како добар пример процедурата која што се применува во Генералниот секретаријат. Токму и преку оваа Стратегија имаме заложба да се унифицира, се реафирмира овој кодекс од страна на сите државни институции и да се разгледа можноста за негово прераснување во правно обврзувачки акт. Значи пречката е токму во постоење на правен основ во Законот за здруженија и фондации. Инаку заложбата на одделението беше уште во 2007 година да го тоа биде на ниво на упатство.

Потоа учеството во процесот на креирање политики и донесување на закони. Кодексот за добри практики донесен во јули 2011 година беше чекор напред кон унифицирање на процедурата како граѓанскиот сектор да се вклучи не само преку јавно достапност на информации кои што обврските за објавување на предлог законите на веб страниците на министерствата и во енер тоа го овозможуваат, туку и преку директни консултации но и вклучување во работни групи. Она што е важно е да се афирмира овој документ, да се користи од страна на граѓанскиот сектор. За прв во

август одделението објави повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготовка на годишната програма за работа на Владата. За жал само 4 организации дадоа свој придонес односно доставија иницијативи до одделението. Механизмот кој што е востоставен со овој кодекс е иницијативите од граѓанскиот сектор се објавуваат на веб страницата на одделението, одделението ги доставува до ресорните министерства, а потоа и ги објавува на истата веб страница одговорите. На тој начин ние сме транспаретни во своето работење, ги земаме предвид иницијативите од граѓанскиот сектор и јавно ги објавуваме. Значи повикувам на поголема ангажираност и во рамките на граѓанскиот сектор и посветеност да дадат свој придонес во креирањето на политиките.

Истиот случај е и со оваа Стратегија. Значи документот точно беше разгледан на пет јавни расправи, но беше достапен на веб страницата на одделението и концептот беше на веб страницата, две недели достапен за коментари, Предлогот исто така две недели во текот на јануари. Меѓутоа само 4 писмени коментари добивме од граѓанскиот сектор. Значи за подобар квалитет на овие документи секако дека е потребна и поголема заложба и од обете страни.

Повеќето прашања кои што денес беа отворени, повеќе закони кои што беа споменати во однос на Законот за здруженија и фондации, Законот за спречвуање на перење пари, финансирање на тероризмот и останатите се идентификувани како прашања, како потреба од анализа, оценка на состојбите и предлагање на соодветни промени. Беше споменато дека Стратегијата не идентификува точно кои се носители на активностите, временската рамка. Како што веќе и во останатите дискусии беше споменато и јас во воведната дискусија следат акциски планови каде што детално активностите се елаборани, се предвидуваат конкретни носителите на секоја од овие мерки.

Законот за лустрација не беше дел од оваа анализа. Еве би можело дополнително би разговарале од прашањето дали треба да биде дел од Предлог стратегијата. Но сепак оние прашања кои што го засегаат граѓанскиот сектор се пред Уставниот суд.

Во однос на прашањето на безбедносниот интернет јас би ја повикала колешката иако веќе замина, дека тоа се прашања во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација и дека повторно треба да се афирмира онаа инцијатива од 2009 година. Улогата на нашето одделение да ја олесниме комуникацијата на граѓанскиот сектор со ресорните министерста, до колку цените дека има потреба вратете се слободно со вашите писмени предлози и иницијативи до нашето одделение, а ние ќе го проследиме предлогот до соодветното министерство.

Во однос на финансиската подршка би сакала да укажам дека и по дефиниција граѓанските организации се непрофитни, волонтерски граѓански групи. Па од тие причини и во рамките на Генералниот секретаријат го идентификувавме прашањето за бришење на членовите на граѓанските организации од листата на невработени лица како на едно прашање на кое треба да се посвети внимание. Претставник од Генералниот секретаријат е член во Националниот совет за волонотерство и ова прашање ќе биде таму поставено, но секако можеме да го разгледаме и во рамките на овој документ дополнително.

Во однос на финансиската подршка сметам дека е голема заложбата на Владата да се потикне развојот на граѓанскиот сектор преку директното финансирање, значи покрај проектното имаме и институционалната поддршка.

Прашањето за регрантирање е прашање кое што ќе даде можност да се поттикне развој на граѓанскиот сектор и во руралните средини, значи беше споменета локалната самоуправа. Сметаме дека на овој начин и дека одделението е активно во однос на програмирање на ИПА средствата наменети за директна поддршка на граѓанскиот сектор во вид на грантови почнувајќи од ИПА 2008 па во континуитет во сите останати години, дека на овој начин можеби ќе се придонесе, можеби не директно во зголемувањето на буџетската ставка за транфер во невладини организации, туку преку другите активности на одделението, значи преку ИПА фондовите да се даде можност да се поттикне развојот и во области како што беа споменати и во делот на човекови права, вмрежување на граѓанските организации, одржливост и слични прашања.

И она што е секако важно е дека настојува одделението и за користењето на овие средства да се обезбеди еден транспаретен процес. Во таа насока ние годишно подготвуваме извештај до Владата за спроведувањето на програмата за финансирање на здруженијата и фондациите. Но исто така настојуваме да ја унапредиме веб страницата на нашето одделение во насока да не само средствата кои што се доделуваат од страна на Владата, туку и од страна на министерства да има достапни информации не само во однос на кои организации ги користеле средствата, туку и да се избегне евентуално двојно финансирање односно апликација со исти проекти на различни огласи.

Во секој случај благодарам за дискусијата, благодарам за укажувањата на денешната јавна расправа. Предлог-стратегијата во оваа форма е објавена и на веб-страната на одделението. Следи процес на консултации со ресорните министерства така што и можете и понатаму да доставувате коментари на меил адресата на одделението и сите ќе бидат соодветно разгледани. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Јас би сакала на крајот на дискусијата да ве информирам дека оваа нова верзија на Стратегијата можевте да ја земете денеска, ќе ја добиете и електронски. Би ве замолила сите оние кои што сакаат и конкретно да предложат измени на Стратегијата тоа писмено да го направат до Национален совет за евроинтерграции во рок од 10 дена, а ние потоа заедно со коментарите од оваа јавна расправа ќе ги испратиме до Генералниот секретаријат со вечната и никогаш не уништилива надеж дека некои работи и ќе се прифатат.

Сакам да ви се заблагодарам за учеството и присуството на денешната јавна дебата и да кажам дека дискусијата по темата граѓански организации, граѓански сектор нема да запре тука, туку како што ќе се појавуваат нови теми ќе се трудиме Национален совет за евроинтерграции навистина да ја одигра својата функција, а тоа е да престави и повеќе гласови во македонското општество, не само преку учеството од преставник од граѓанскиот сектор, туку преку организирање на вакви дебати на различни теми. Благодарам.

Јавната расправа заврши во 13.50 часот.